Регионална платформа на западен Балкан за застапување на слободата на медиумите и за заштита на новинарите
Western Balkan's Regional Platform for Advocating Media Freedom and Journalists' Safety

# Показатели за степенот на слободата на медиумите и за безбедноста на новинарите во Македонија

# Показатели за степеност на слободата на медиумите и за безбедноста на новинарите во Македонија

**Автори:**
**Бесим Небиу,**
**Насер Селмани,**
**Драган Секуловски,**
**Дениз Сулејман**
**Септември 2018**

Показатели за степенот на слободата на медиумите
и за безбедноста на новинарите во Македонија

Септември 2018

Издавач:
Здружение на новинари на Македонија

ЗДРУЖЕНИЕ
НА НОВИНАРИТЕ
НА МАКЕДОНИЈА

Градски ѕид блок 13, 1000 Скопје, Република Македонија
Телефон: +389 (0) 2 3298-139
Факс: +389 (0) 2 3116-447
www.znm.org.mk

Автори:
Бесим Небиу, Насер Селмани, Драган Секуловски, Дениз Сулејман

Лектор:
Вања Димитрова

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Независното здружение на новинарите на Србија и на авторите и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

# Содржина


**Цели на проектот и методологија на истражување** . . . . . 7

Резиме . . . . . 8

**А. Правна заштита на слободата на медиумите** . . . . . 17

А.1. Дали националното законодавство обезбедува гаранции за слободата на медиумите и дали истите ефикасно се спроведуваат во практиката? . . . . . 18

А.2. Дали законите за клевета предизвикуваат ефект на заплашување кај новинарите? . . . . 22

А.3. Дали постои доволна правна заштита на политичкиот плурализам во медиумите пред и за време на изборните кампањи? . . . . 23

А.4. Дали слободата на новинарската работа и на здружување се гарантира со закон и дали законот се спроведува? . . . . . 24

А.5. Какво е нивото на правна заштита на новинарските извори? . . . . . 26

А.6. Какво е нивото на заштитата на правото на пристап до информации? . . . . . 27

**Б. Позицијата на новинарите во редакцијата, професионалната етика и нивото на цензура** . . . . . 29

Б.1. Дали економската положба на новинарите се злоупотребува со цел да се ограничи нивната слобода? . . . . . 30

Б.2. Какво е нивото на уредувачката независност од сопствениците на медиумите и органите на управување? . . . . . 32

Б.3. Кое е нивото на уредувачката независност на новинарите во ЈРС? . . . . . 33

Б.4. Кое е нивото на уредувачката независност на новинарите во непрофитниот сектор? . . . . . 33

Б.5. Колку слобода имаат новинарите во процесот на производство на вести? . . . . . 34

**В. Безбедност на новинарите и статистика на неказнивост** . . . . . 37

В.1.1. Напади против новинари и други закани . . . . . 39

В.1.2. Убиства на новинари и случаи во последните 15-20 години . . . . . 40

В.1.3. Притисок кон медиуми, медиумски и еснафски организации . . . . . 41

В.2.1. Дали државните институции и политичките актери преземаат соодветни мерки со кои се штитат новинарите . . . . . 41

В.2.2. Постојат ли посебни механизми преку кои се следат нападите врз новинарите? . . . . . 43

В.2.3. Дали нападите врз новинарите се препознаени од страна на владините институции? . . . . . 43

В.2.4. Постојат ли документи во рамки на полицијата или војската кои служат како водич во случај кога се повредени правата на новинарите? . . . . . 44

В.2.5. Дали државните институции соработуваат со еснафските организации за прашања поврзани со безбедноста на новинарите? . . . . . 44

В.2.6. Кој е последниот случај на нелегално прислушување и следење на новинари и како државните институции се справуваат со ова? . . . . . 44

В.3. Како правосудството се справува со прашањата поврзани со насилство врз новинарите? . . . . . 45

В.3.1. Постојат ли специфични институции кои се занимаваат со истраги кога се повредени правата на новинарите? . . . . . 46

В.3.2. Дали се ефикасни истрагите за случаите кога новинарите се заплашувани и напаѓани? . . . . . 46

# Цели на проектот и методологија на истражување

Овој извештај ги презентира резултатите од истражувањето спроведено во рамките на регионалниот проект „Регионална платформа на Западен Балкан за застапување на слободата на медиумите и безбедноста на новинарите", која се спроведува од националните новинарски здруженија од Босна и Херцеговина, Косово, Македонија, Србија и новинарскиот синдикат од Црна Гора. Овој извештај се надоврзува на основната студија за легислативата, социо-економската и економскополитичката ситуација во однос на слободата на медиумите и безбедноста на новинарите, кои ги идентификуваа клучните предизвици и препораки за новинарските здруженија и другите чинители[1]. Главната цел на ова трето истражување беше да се идентификуваат новите случувања и да се спореди сегашната состојба на слободата и безбедноста на медиумите со ситуацијата утврдена во 2016 и 2017 година.

Истражувањето го спроведоа Бесим Небиу, Насер Селмани, Драган Секуловски и Дениз Сулејман, врз основа на заедничка Методологија за сите пет земји. Беа применети различни квалитативни и квантитативни методи за собирање и анализа на податоците:

- Квалитативна анализа на документи (КАД): истражувања и анализи на други истражувачки организации, академски институции, невладини организации, индивидуални истражувачи и сл.; официјални документи создадени од јавните институции (правни акти, подзаконски акти, стратегии, годишни извештаи, записници од состаноци, информации за печатот) и медиумска покриеност (текстови, статии, вести, извештаи и други објавени материјали).
- Квалитативни интервјуа со 19 лица (новинари, адвокати, медиумски експерти, претставници на јавни институции и невладини организации).
- Официјални статистички податоци побарани од јавните институции, вклучувајќи ги и општините или се добиени преку достапните интернет страници или од други објавени извори.

Ова извршно резиме ги содржи клучните наоди и заклучоци од истражувањето, а ги вклучува и клучните препораки за политиките што треба да се спроведат.

1 Здружение на новинарите на Македонија, Показатели за степенот на слобода на медиумите и за безбедноста на новинарите 2016 – Македонија (Скопје: ЗНМ, 2016) http://safejournalists.net/wp-content/uploads/2017/01/Full-MK-ENG-Digital.pdf

## Резиме

### А. Правна заштита на слободата на медиумите

Состојбата со слободата на медиумите во 2018 година во Македонија бележи благо подобрување, но отсуствуваат сериозни системски реформи што ќе создаваат поволен амбиент за непречен развој на медиумите и развивање на професионално новинарство.

Уставот на Македонија гарантира слобода на медиумите, меѓутоа, ваквите гаранции не се пренесуваат и во законските и подзаконските акти. Сериозен проблем претставува и неспроведувањето или нивното селективно спроведување.

Новата влада, формирана во јуни 2017 година, вети подобрување на состојбата со слободата на говорот преку подобрување на законската регулатива, со што се уредува работата на медиумите. Ниеден од ветените законски проекти не се усвоени во Собранието. Само измените и дополнувањата на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се во напредна фаза, но усвојувањето на Законот е блокирано од опозицијата во Собранието со поднесување на над 60 амандмани и развлекување на расправата во Комисијата за транспорт и врски.

Останатите закони, како што е Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, како и утврдувањето модел за субвенционирање на печатените медиуми, сѐ уште се во почетна фаза. Начелно, со овие измени, Владата тврди дека сака да го усогласи Законот за клевета со европските стандарди и да го олесни пристапот до информации од јавен карактер.

Измените во Законот за АВМУ главно се усогласени со новинарската и медиумската заедница, меѓутоа, останаа разликите околу моделот за финансирање на Македонската радио-телевизија. Новинарските и медиумските организации инсистираат еден отсто од буџетот, што е околу 30 милиони евра, да се одвојува годишно од Буџетот на државата за финансирање на јавниот сервис. Владата го одбива овој предлог со објаснување дека нема пари, а во меѓувреме го смени моделот за финансирање на МРТ претставувајќи ја мерката како привремена додека не се донесат новите измени во Законот за АВМУ, во кој е вградено компромисно решение за скалесто зголемување на

процентот на буџетот за финансирање на МРТ, кој во 2020 година треба да достигне до еден отсто од државниот буџет. **(Дел А.1)**

Јавниот радиодифузен сервис, Македонската радио-телевизија нема институционална автономија поради политизирани управувачки органи и отсуство на одржливо финансирање. Власта во 2017 година го преполови буџетот на МРТ претставувајќи го тоа како привремена мерка, додека управните органи на куќата сè уште се поврзани со претходната власт.

Во фазата на подготвувањето на измените и дополнувањата на Законот за АВМУ, Владата се обиде да ги регулира новинарските стандарди со закон. Но, под притисок на новинарската заедница таа се откажа од намерата да ги санкционира со закон етичките стандарди во известувањето на медиумите. Постои тенденција за подобрување на работата на Агенцијата за медиуми, која последната година е поактивна и нејзините ставови за проблемите во медиумите се доближуваат до ставовите на професионалните медиумски организации, посебно што се однесуваат за дискриминацијата и говорот на омраза во медиумите. Ваквата позитивна тенденција во работата на медиумскиот регулатор ја забележува и ОБСЕ во последниот извештај за известувањето на медиумите за време на изборната кампања за локалните избори во 2017 година. Слично мислење во врска со работата на регулаторот имаат и медиумските експерти. **(Дел А.2)**

Во врска со известувањето на медиумите за време на кампањата за локалните избори кои се одржаа во октомври 2017 година, Агенцијата за медиуми покрена 14 прекршочни пријави против медиуми поради разни повреди на Изборниот законик. Меѓутоа, најголем дел од пријавите беа одбиени од судовите, а за три пријави беа изречени пониски казни од предвидените во Законот.

Со владина одлука беше укинато владиното рекламирање, воведено од претходната власт, која овој вид на огласување во медиумите го користеше како инструмент за влијание врз уредувачката политика на медиумите. Иако Владата ги укина владините реклами, во летото 2018 година, во тајни преговори со опозицијата воведе нов вид на финансирање политичка пропаганда во медиумите, платено со јавни пари. Така, во дополнувањата на Изборниот законик се предвиде можност дел од јавните пари за финансирање на партиите да се користат и за плаќање на политичка пропаганда во медиумите за време на изборна кампања, а Државната изборна комисија доби надлежност да го оценува известувањето на онлајн медиумите за време на изборна кампања. Овој потег беше критикуван од новинарската заедница како враќање на владините реклами и продолжување на клиентелистичките врски меѓу политичките партии и сопствениците на медиумите, и како обид да се попречува пристапот до интернет.

И покрај тоа што Владата ги укина владините реклами, општините во Македонија продолжија да трошат јавни средства за финансирање на локалните и регионалните медиуми. Истражувањето на ЗНМ покажа дека две третини од општините во 2018 година трошеле или до крајот на годината имаат намера да потрошат околу половина милион евра за рекламирање и ангажирање на новинари со авторски договори. **(Дел А.3)**

Владата не го усогласи Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда со новите европски трендови, иако тоа беше предвидено во реформскиот план 18. Клеветата е декриминализирана во 2012, и од тогаш бројот на тужби против новинари е драстично намален. Тогаш пред кривичниот суд имаше над 300 тужби за клевета против новинари, додека годинава пред Граѓанскиот суд има околу 30 активни предмети. Интервјуираните новинари сметаат дека тужбите за клевета и навреда сè помалку се користат од страна на властите за притисок врз критичкото новинарство. Исклучок прават претставниците на владината Демократска унија за интеграција, кои сè уште покренуваат тужби против критички медиуми на албански јазик. Најдрастичен пример беше пресудата на Граѓанскиот суд во Скопје, кој на главниот уредник на весникот „Лајм“ Исен Салиу му изрече глоба од 10.000 евра, како надоместок на нематеријална штета за нарушување на честа и угледот на лидерот на ДУИ Али Ахмети. Апелација пресудата ја врати на повторно разгледување.

Граѓанскиот суд во Скопје одбива да го примени Законот за граѓанска одговорност за клевета за предмети против онлајн медиуми повикувајќи се на друг закон дека тие не биле дефинирани како медиуми. Ваквата практика ја легализираше и Апелацискиот суд во Скопје, додека сосема друга судска практика постои во останатите апелациски судови, кои ги процесуираат тужбите за клевета против онлајн медиумите. Однесувањето на судовите во Скопје ЗНМ го оцени како политички мотивирано со цел да и даде лажно алиби на Владата да воведе построга регулација на онлајн медиумите. ЗНМ поднесе барање до Врховниот суд за усогласување на судската практика, но досега тој се нема изјаснето. **(Дел А.4)**

Во Македонија не се лиценцира новинарската професија, меѓутоа, во Законот за медиуми има обид да се дефинира поимот новинар. Таквиот обид на власта беше отфрлен од новинарската заедница, која бара дефиницијата да се избрише од Законот.

Изворите на информации во Македонија се заштитени со закон, меѓутоа, практиката покажува сосема нешто друго. Новинарот Томислав Кежаровски во 2013 година беше осуден за откривање на идентитет на заштитен сведок, а основната причина зошто беше прогонет беше неговото одбивање во предистражна постапка да ги открие изворите на информации. **(Дел А.5)**

Правото на слободен пристап до информации од јавен карактер го гарантира македонското законодавство, но во Законот има премногу основи според кои институциите можат да ги одбијат барањата за слободен пристап и од граѓаните, а рокот од 30 дена за чекање е предолг за новинарите. Од друга страна, институциите продолжуваат да бидат нетранспаретни кон новинарите, кои ги игнорираат прашањата на новинарите или пак даваат нецелосни информации. **(Дел А.6)**

## Б. Позицијата на новинарите во редакцијата, професионалната етика и нивото на цензура

Истражувањата спроведени во Македонија последната година покажуваат дека постојат сериозни ограничувања на новинарските слободи. Ваквата перцепција произлегува од анкетите со новинарите спроведени од новинарските организации и од интервјуата со медиумски експерти.

Новинарите лесно губат работа затоа што немаат правна заштита од институциите и затоа што не ги познаваат своите права. И понатаму платите се ниски и се под просекот на просечните месечни примања во државата, а малку новинари имаат безбедно работно место со постојан договор за вработување со обезбедени социјални и работнички бенефиции.

Просечната месечна нето-плата на новинарите изнесува 18.800 денари, што е за околу 30% помала од просечната плата исплатена во земјата во 2018 година. Половина од нив немаат договор за вработување на неопределено време, а помал дел се ангажирани со авторски договор. Според последното истражување на ССНМ, на мнозинство новинари им доцнат платите. Има новинари во внатрешноста на Македонија, кои работат дури и за пониски плати од 12 илјади денари.

Поради ваквата незавидна состојба на новинарите тие стануваат лесно подложни на притисок во нивните редакции и практикуваат самоцензура. Тие не бараат заштита затоа што немаат доверба во институциите или затоа што ризикуваат да ја изгубат работата. Затоа нема ниту една пресуда поврзана со мобинг на работа против новинар. Еден од индикаторите за постоењето на притисок во редакциите е фактот што најголем дел од анкетираните новинари инсистираат да бидат анонимни поради страв дека можат да имаат последици на работа. **(Дел Б.1)**

Приватните медиуми на своите веб-страници не објавуваат внатрешни акти, кои ја гарантираат независноста на уредничкиот колегиум од менаџментот на медиумите. Најеклатантен пример за вмешување на менаџментот во слободата на новинарите е директор на национална приватна телевизија, кој јавно призна дека му дал наредба на главниот уредник да не ги објави изјавите на претседателот на Здружението на новинарите на Македонија. **(Дел Б.2)**

Слична е состојбата и со новинарите во Македонската радио-телевизија, каде што поради политизацијата на управните органи и незавидната финансиска состојба, тие се изложени на притисок преку покренување дисциплински мерки, финансиски казни, прераспределба на други работни места и сл. Од друга страна, послушните новинари се фаворизираат со парични награди или патувања надвор од земјата.

Професионалците се маргинализираат и им се даваат споредни теми да обработуваат, а ова се одразува на содржините во информативните програми, вели еден новинар од МРТ, кој инсистира да остане анонимен. **(Дел Б.3)**

Притисокот кон непрофитните медиуми од кои дел се бават со истражувачко новинарство е намален споредбено со притисокот кој беше присутен во последните неколку години кога новинарите и уредниците од овие медиуми често беа во јавноста дискредитирани на лична основа и кон нив се користеше говор на омраза поради нивната јавна критика кон властите и бизнисмените блиски до Владата. **(Дел Б.4)**

Соочени со ваквата незавидна положба, новинарите во јавниот и во приватните медиуми ретко обработуваат сензитивни теми, туку претежно покриваат дневно-политички настани. Сега почести се дебатите во приватните телевизии, но во јавноста постои впечаток дека исти експерти, блиски до одредени политички и економски центри на моќ, дефилираат во тие програми. **(Дел Б.5)**

## В. Безбедност на новинарите и статистика на неказнивост

Бројот на напади врз новинари се намали, но во институциите има силно присуство на политика на неказнивост за насилство врз новинари. Последната година Здружението на новинарите регистрираше шест напади врз новинари, еден физички напад, една смртна закана, две арбитрарни приведувања од полиција, еден случај на уништување имот на новинар и еден случај попречување на фоторепортери да известуваат од јавен настан. Споредено со претходната година, кога имаше 18 напади, бројот е намален за три пати.

Позитивно е што годинава институциите ја прекинаа политиката на неказнивост за насилство врз новинари, која траеше скоро десет години. Македонските судови во овој период донесоа две судски пресуди, со кои напаѓачите на новинари се осудуваат со затворска, односно парична казна. **(Дел В.1)**

Намалувањето на притисокот врз новинарите, како резултат од промената на политичкиот амбиент го забележа и Европската комисија во извештајот за напредокот на Македонија во 2018 година[2]. Меѓутоа, Комисијата оценува дека не е доволно властите само да ги регистрираат и да ги осудат нападите, туку Јавниот обвинител треба и сериозно да ги истражува и да ги повика на одговорност насилниците.

2 Европска комисија, Скопје, 2018 година, https://bit.ly/2qJP0Kv пристапено на 5 септември 2018 година.

Основниот суд Скопје 1 во септември годинава го осуди на шест месеци затвор Матија Каников, кој во февруари лани, по завршувањето на протестот на Движењето „За заедничка Македонија“, против формирањето на новата влада, физички ги нападна новинарот на порталот А1 он Александар Тодевски и камерманот Владимир Желчевски. После еден месец, полицијата го расветли случајот и поднесе кривична пријава против Каников[3], а во септември годинава судот го осуди на затворска казна[4]. Од одбраната на осудениот најавена е жалба на пресудата и се чека одлука од Апелацискиот суд во Скопје.

Ефикасна постапка институциите водеа и во случајот на новинарот Армандо Брахо од Струга, кој во јануари 2018 година беше физички нападнат од активисти на опозициската партија Алијанса на Албанците на Зијадин Села со цел да го спречат да известува од предизборен митинг на оваа партија[5]. Полицијата набрзо ги идентификуваше напаѓачите и покрена пријави пред Прекршочниот суд во Струга. После шест месеци судот ги прогласи за виновни напаѓачите на Брахо и ги казни со парична глоба. Оваа одлука на судот е обжалена од одбраната.

Она што најмногу загрижува во врска со безбедноста на новинарите во 2018 година е фактот што полиција арбитрарно приведе неколку новинари во полициска станица и со тоа ги попречи во извршувањето на нивната професионална работа. **(Дел В.2)**

Првиот најсериозен инцидент со новинари предизвикан од Министерството за внатрешни работи се случи во ноември 2017 година, кога припадници на полицијата го приведоа во полициска станица камерманот на Телевизијата 21 Ибрахим Махмути и фоторепортерот од Косово Бљерим Ука[6]. Тие беа задржани во станицата повеќе од шест часа под обвинение дека во текот на објавувањето на пресудата за контроверзниот случај „Монструм“, во судницата ја сликале судијката[7]. Двајцата новинари беа ослободени откако за случајот интервенираше меѓународната заедница, а претставник на ОБСЕ разговараше со одговорните во полициската станица. После овој инцидент полицијата не покрена никакви постапки против нејзините припадници поради приведувањето на новинарите.

Полесен инцидент со новинар полицијата предизвика и во јуни годинава на протестите против Договорот со Грција пред Собранието, кога беше приведен новинарот на Инфомакс Борислав Стоилковиќ, под изговор дека ги снимал во лице полицајците и одбил да се легитимира[8].

Загрижува фактот што добар дел од нападите што се случиле последните пет години воопшто не се расветлени или постапките се несоодветно водени. Новото раководство на Министерството за внатрешни работи се жали дека за одреден број предмети сторителите нема да можат да се откријат затоа што претходната власт истрагите ги водела непрофесионално, а во некои случаи недостигаат и докази[9]. Од 59 напади врз новинари што се случиле во последните пет години, полицијата досега има целосно расчистено само седум, со поднесени кривични пријави против сторителите. **(Дел В.3)**

3 ЗНМ, „МВР го расветли нападот на новинарите на А1 он“, Скопје, 2018 година, http://znm.org.mk/?p=3119.

4 ЗНМ, „Поздравена е затворската казна за напаѓачот на новинарите од А1он“, Скопје, 2018 година, http://znm.org.mk/?p=4663.

5 ЗНМ, „Осуда за напад на новинар во Струга“, Скопје, 2018 година, http://znm.org.mk/?p=4196.

6 ЗНМ, „ЗНМ го осудува приведувањето на новинари во полиција“, Скопје, 2017 година, http://znm.org.mk/?p=3866.

7 ЗНМ, „ЗНМ го осудува приведувањето на новинари во полиција“, Скопје, 2017 година, http://znm.org.mk/?p=3866.

8 Прес24, „Видео: Приведен новинар на вчерашните протести - полицијата го влечеше во комбето“, Скопје, 2018 година, https://bit.ly/2N-voUs5 пристапено на 24 јули 2018 година.

9 Точка, „Спасовски:15 нерасчистени случаи за напад врз новинари, намерно не било постапувано на време“, Скопје, 2018 година, https://bit.ly/2QcXx4F пристапено на 28 септември 2018.

Полицијата го открила напаѓачот на сопственикот на порталот Доказ, Марјан Стаменковски, кој во 2015 година во центарот на Скопје беше нападнат физички, при што се здобил со тешки телесни повреди. Откриен е и напаѓачот на новинарската екипа на А1 он, која беше физички нападната во центарот на Скопје по протестот на Движењето „За заедничка Македонија“.

Според извештајот, полицијата досега не успеала целосно да реши 13 предмети за напади врз новинари, кои се однесуваат на физички напади и закани и уништување на имот. Нерасчистени остануваат физичките напади и уништување на опремата на неколку новинари од страна на учесници во протестите на Движењето „За заедничка Македонија“, кои на 27 април 2017 година насилно влегоа во Собранието за да го спречат формирањето на новата власт. Полицијата не успеа да ги открие ниту сторителите што во 2015 година го запалија џипот на новинарот Бранко Тричковски.

За осум напади, полицијата ја завршила истрагата и поднела барање за покренување прекршочна постапка, од кои четири предмети се однесуваат на физички напади, од кои во два случаи на новинарите им биле нанесени видливи повреди. Овие потешки напади се третираат исто со други напади кога новинарите добивале шлаканици или закани дека физички ќе бидат нападнати.

Работата до крај полицијата не ја завршила и за други осум предмети, кога по завршувањето на истрагата, наместо да поднесе соодветни пријави, доставила само известувања до Јавното обвинителство. Ова може да се толкува како обид на полицијата да ги забошоти предметите со цел да ги развлече во полициско-обвинителските лавиринти.

Таков е случајот на еден полицаец, кој во 2016 година со полициска палка тепал новинар на протестот против аболицијата на високи функционери на ВМРО-ДПМНЕ обвинети за криминал, пред Канцеларијата на претседателот Ѓорге Иванов, во центарот на Скопје. Дополнително е утврдено дека полицаецот ги надминал службените овластувања, меѓутоа, полицијата одбила да покрене пријава против него, туку за тоа само го известила Обвинителството, кое досега не презело ништо во врска со овој предмет.

Седум предмети полицијата ги смета за решени оти ги упатила оштетените новинари да си ги заштитат нивните права преку поднесување приватни тужби. Во извештајот нема податоци дали полицијата ги идентификувала напаѓачите и обезбедила докази што потоа ги ставила на располагање на жртвите со цел поефикасно да ја водат судската постапка.

За два предмети, во неможност да ги открие напаѓачите, МВР поднело кривични пријави против непознати сторители, а други два предмети ги затворило оти смета дека нема доволно елементи за отворање истрага.

Во неможност да ги открие напаѓачите на новинари, во два случаи полицијата покренува кривична пријава против непознат сторител. Таков е случајот на новинар од Охрид, кој бил нападнат од непознати лица со метални шипки, нанесувајќи му тешки телесни повреди.

Некогаш, навредите на новинари, заканите, па дури и смртните закани, полицијата ги решава само со писмено или усно предупредување на насилниците. На овој начин таа смета дека решила десет предмети на вербални напади и закани на новинари. Само со предупредување поминало и лицето што во 2015 година со физичка закана го избркало од ресторан новинарот Борјан Јовановски поради неговите критички ставови кон тогашната власт. Само со устен укор поминало и приватното обезбедување на Трговскиот центар во Штип, кое во 2017 година спречило новинар на Телевизијата 24 Вести да ги сними градежните работи во Трговскиот, при што му ја оштетило и камерата.

Во Македонија нема посебни механизми за следење и известување за нападите и заканите врз новинари. Врз основа на извештаите од Министерството за внатрешни работи и Јавното обвинителство се забележува една негативна појава во водењето на истрагите за нападите врз новинари. Овие две институции меѓусебно се обвинуваат за развлекување на истрагите. Од една страна, полицијата тврди дека многу случаи ги решила и ги доставила до обвинителството, а од таму велат дека полцијата не ги идентифукавала напаѓачите и не обезбедила доволно докази за ефикасно водење на постапката.

Во Македонија ниту една државна институција не води регистар на напади и закани на новинари. Освен тоа, со исклучок на полицијата, обвинителството и судството генерално се затворени за споделување информации поврзани со предметите за напади врз новинари.

Владата декларативно ги осудува сите инциденти и напади врз новинари[10]. Премиерот Зоран Заев и други високи владини функционери редовно ги осудуваат овие напади и ги повикуваат органите на прогонот да ги истражат и да ги казнат напаѓачите.

Досега војската и полицијата немаат усвоени внатрешни документи, кои ги подучуваат нивните припадници како да се однесуваат со новинарите. Овие институции немаат ниту правилници што забрануваат закани, заплашувања или напади врз новинари.

Новата власт во Македонија покажа поголема подготвеност да соработува со Здружението на новинарите за расветлување на сите напади врз новинари. Министерството за внатрешни работи во декември 2017 година потпиша Меморандум со ЗНМ, кој предвидуваше организирање заеднички активности за прекинување на политиката на неказнивост за нападите врз новинари[11]. Две обуки[12] беа оранизирани во Скопје[13] и пет во другите поголеми градови во Македонија.

Во обид да се прекине политиката на неказнивост за насилството врз новинари, претставници на ЗНМ во јануари годинава се сретнаа со јавниот државен обвинител на Македонија Љубомир Јовевски[14].

Во Македонија истрагите на обвинителството и судството за насилството врз новинари се неефикасни и неефективни. Тешко се следи нивното постапување затоа што двете институции се многу затворени. Резултатите од извештајот на Обвинителството за водените истраги воопшто не се охрабрувачки. Од десет отворени предмети, во четири случаи Обвинителството ги одбило кривичните пријави, бидејќи, според нивната проценка, се работи за загрозување на сигурноста, кое не се гони по службена должност.

10 Влада, „Реакција во врска со заканата врз претседателот на ЗНМ Насер Селмани “, Скопје, 2018 година, http://vlada.mk/?q=node/14224, пристапено во септември 2018 година.

11 А1он, „ЗНМ и МВР потпишаа Меморандум за соработка “, Скопје, 2017 година, https://a1on.mk/archives/838401, пристапено во септември 2018 година.

12 ЗНМ, „Да се стави крај на политиката на неказнивост, да се казнат насилниците “, Скопје, 2018 година, https://znm.org.mk/?p=4370, пристапено во септември 2018 година.

13 Safejournalists.net, „Обуки со полицијата за поголема безбедност на новинари на протести“, Скопје, 2018 година, https://bit.ly/2CWpnPX, пристапено во септември 2018 година.

14 ЗНМ, „Претставници на ЗНМ се сретнаа со Јавниот обвинител “, Скопје, 2018 година, http://znm.org.mk/?p=4173, пристапено во септември 2018 година.

Другите пет предмети сè уште се на почеток на истрагата, иако еден од нападите се случил пред четири, а друг пред две години. Обвинителството тврди дека сè уште работи на утврдување на идентитетот на напаѓачите и на прибирање веродостојни докази. Во два предмети полицијата дури не постапила по барањето на Обвинителството да ги идентификува напаѓачите. Само во еден предмет истрагата е во напредна фаза, каде напаѓачот е идентификуван од полицијата, а Обвинителството работи на утврдување на фактичката состојба, по што ќе следува обвинителска одлука.

Во судско-обвинителскиот систем во Македонија не постојат посебни одделенија кои работат на истраги за случаите на прогон, заштита и обесштетување на новинари со цел да се осигура нивната безбедност и да се спречи политиката на неказнивост. Анализата на извештаите за начинот како полицијата и обвинителството ги водат постапките за напади и закани кон новинари потврдува дека институциите не само што не можат да ги казнат инспираторите и нарачателите на нападите врз новинари, туку тие во најголем дел не се во можност ниту да ги идентификуваат и казнат извршителите на нападите.

Институциите одговорни за расветлување на нападите врз новинари на нивна иницијатива никогаш досега немаат организирано обуки за нивните вработени за важноста на заштитата и промоцијата на слободата на говорот.

# А

# Правна заштита на слободата на медиумите

## А.1. Дали националното законодавство обезбедува гаранции за слободата на медиумите и дали истите ефикасно се спроведуваат во практиката?

Уставните гаранции[15] за слободата на медиумите, нецелосно се претворени во законски гаранции. Законската и подзаконската регулатива не е усогласена во целост со препораките на Советот на Европа и практиката на Европскиот суд за човекови права во Стразбур. Непочитувањето или селективното применување на законите дополнително ја влошува состојбата со слободата на медиумите. Интервенциите во законската рамка кои ќе бидат разгледувани во овој извештај, се однесуваат на измени во четири закони: 1) Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; 2) Законот за авторски права; 3) Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и 4) Изборниот законик.

Слично како и во претходната година, слободата на медиумите и во последните 12 месеци беше една од жешките теми на политичката и експертската јавна дебата во Македонија. Во текот на 2018 година, Владата преку Планот 18 се заложи да го подобри амбиентот на медиумските слободи. Во Планот се предвидени измени во Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, подготовка на посебен Извештај за имплементацијата на Договорот меѓу МВР и ЗНМ за случаите на насилство врз новинарите, утврден е модел за помош на печатените медиуми, а планирани се и измени на Законот за основање на ЈП Македонска радиодифузија[16]. Во однос на претходниот План 3-6-9 од 2017 година, нови елементи во Планот 18 се измените во првите три споменати закони, а може да се констатира дека од првичниот план 3-6-9 беа остварени само ветувањата во однос на стопирање на реклами во медиумите за што и претходно постоеше мораториум.

15 Устав на Република Македонија.

16 Страница 14, План 18 на Влада на РМ.

### Дали стратешките документи за медиумските реформи и за медиумската легислатива беа развиени во транспарентен и инклузивен процес?

Основната правна рамка за медиумите во Македонија се состои од Законот за медиуми[17] и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ)[18]. Во периодот што го опфаќа овој извештај имаше неколку интервенции во постојната законска рамка која се однесува на медиумите.

Измените во ЗААВМУ се подготвуваат уште од времето на т.н. Пржински процес од 2015-2016 година, кога тогашните водечки парламентарни партии се согласија за одредени реформи во медиумската сфера, бидејќи полето на медиумите беше означено како критично за демократскиот развој на Македонија. Тоа беше потенцирано во Извештајот на Прибе и беше дел од Итните реформски приоритети[19].

Во септември 2017 година, Владата подготви Предлог-измени и дополнувања на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги[20]. Основата за предложениот законски текст, со извесни дополнувања и измени, беше текстот што го предложија пет медиумски организации во 2016 година, како дел од барањето за медиумски реформи. Во образложението на предложените измени се наведува дека „основна причина за тоа е што кога е донесен Законот во 2013 година, Владата и Собранието ги игнорираа забелешките на новинарските и медиумските организации. Освен тоа не беа вградени клучните препораки на експертите на Советот на Европа и на ОБСЕ во врска со намалувањето на политичкото влијание врз медиумите, јавниот сервис и медиумскиот регулатор“[21].

17 Закон за медиуми на Република Македонија.

18 Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија.

19 Европска комисија, Итни реформски приоритети за Поранешната Југословенска Република Македонија https://eeas.europa.eu/sites/eeas/files/urgent_reform_priorities_mk.pdf пристапено на 11 јули 2018 година.

20 МЕТА, „Текстот на предлогот за измени“, Скопје, https://meta.mk/wp-content/uploads/2017/09/ID-Zakon-za-AAVMU.doc пристапено на 15 август 2018 година.

21 Вовед, страница 1 на Предлог-измените на ЗААМУ.

Сепак, во јавната дебата за предложените законски измени, ЗНМ имаше забелешки за неконзистентност во ставовите на владините претставници, нагласувајќи дека на почетокот на мандатот потпишале изјава за поддршка на саморегулацијата, додека со предложениот текст Владата додаде одредби (член 61), со кои се обиде законски да ги регулира етичките стандарди во известувањето. Во суштина, Владата сакаше да воведе парични казни за непочитување на етичките стандарди на новинарството, со што всушност се укинува саморегулацијата.

Голем дел од забелешките во јавната дебата се однесуваа на јавниот радиодифузен сервис и неговото финансирање. Иако ЗНМ и другите медиумски граѓански организации бараа финансирањето на ЈРС да биде со еден отсто од Буџетот, Владата во предложените измени утврди 0,7 отсто, што нема да обезбеди консолидација и финансиска одржливост на јавниот сервис[22].

Во јавната расправа, ЗНМ презентираше низа други свои предлози и ставови во однос на предложените решенија, најмногу во деловите кои се однесуваа на: а) реформата на јавниот сервис – Македонската радио-телевизија (МРТ), б) регулаторот - Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и в) обврските кон приватните радиодифузери. Според финалниот предлог кој МИОА го испрати на забелешки во ЕК, дел од предлозите на ЗНМ се прифатени, додека дел се одбиени.

Најголемата критика и забелешка на ЗНМ се однесува на реформата на Македонската радио-телевизија. Според ЗНМ, нема вистински реформи во медиумската сфера без сериозна реформа на Македонската радио-телевизија. Департизацијата на управните органи и обезбедувањето на одржлив систем на финансирање на јавниот сервис се клучни за зајакнување на нејзината независност и професионалност.

Критиките на ЗНМ се однесуваат и на измената во членот 11 со кој се прави измена на член 48, а се однесува на Посебни забрани со која предлагаат бришење на зборовите „припадност на маргинализирана група“ и замена на истите со „сексуална ориентација“. Освен ова, ЗНМ предлагаше формулацијата „други видови уверувања“ во текстот на законот да се избрише и да се замени со зборовите „антисемитизам и ксенофобија“.

Главна забелешка на постојниот закон за АВМУ беше околу членот 92, кој се меша во програмската шема на приватните национални телевизии со тоа што наметнува сериозни обврски на радиодифузерите во однос на содржината на емитуваната програма[23].

Во моментот на пишувањето на овој извештај, Предлог-законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е заглавен во собраниска постапка, бидејќи, според Владата, опозиционата ВМРО-ДПМНЕ го блокира донесувањето на Законот преку одолговлекување на амандманската расправа[24].

### Дали властите се обидоа да го лимитираат пристапот на интернет и дали имаше случаи на блокирање на медиумски содржини на интернет?

Во периодот помеѓу август-септември 2017 година и август 2018 година, за кој се однесува овој извештај, немаше обид на Владата да цензурира

22 Академик, „Јавна дискусија за Предлог-измените во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги“, Скопје, 2018 https://www.akademik.mk/javna-diskusija-za-predlog-izmenite-vo-zakonot-za-audio-i-audiovizuelni-medi-umski-uslugi/ пристапено на 14 јуни 2018 година.

23 Медиаобсерваториум, „Законот е само алатка, а не е клуч за слободни и професионални медиуми“, Скопје, 2018 http://mediaobservatorium.mk/zakonot-e-samo-alatka-a-ne-e-kluch-za-slobodni-i-profesionalni-mediumi/ пристапено на 8 август 2018 година.

24 Влада, „МИОА Манчевски за Законот за АВМУ: Апелирам за поддршка и побрзо откочување на реформите во медиумската сфера“, Скопје, 2018 http://vlada.mk/node/14925 пристапено на 7 август 2018 година.

или филтрира интернет содржини. Во рамките на дебатата за медиумските реформи, интензивно се дебатираше за потребата за регулација на интернет (онлајн) медиумите. Во дебатата се изнесуваа и различни мислења за тоа дали треба или не треба да има регистрација или само евидентирање на онлајн медиумите. ЗНМ, но и другите вокални медиумски организации, вклучувајќи го и Советот за етика во медиумите, како и Самостојниот новинарски синдикат се против идејата да се регулираат онлајн медиумите, бидејќи тоа задира во слободата на говорот и слободниот пристап на интернет.

### Дали медиумскиот регулатор ја врши својата работа независно и непристрасно?

Во однос на независноста на регулаторот и јавниот радиодифузен сервис, не беа донесени нови закони и подзаконски акти во тековната година кои требаше да ја зајакнат независноста на ААВМУ и МРТ. Забелешките за зависноста на регулаторот од политичките влијанија констатирани во претходните извештаи сè уште стојат.

Сите интервјуирани новинари и експерти потврдуваат дека постои тенденција за подобрување на работата на ААВМУ. Подобрувањето се перципира како зголемена „проактивност во однос на различни појави и проблеми во медиумската сфера, како и зголемена координација и заедничко дејствување со професионалните медиумски организации во однос на појавите на дискриминација и говор на омраза во медиумите, како и за непрофесионалното медиумско известување“[25]. Тамара Чаусидис од ССНМ ја оценува работата на ААВМУ како „сосема различна од порано, што само потврдува дека Агенцијата функционирала под партиски диктат, а во овој интерегнум се обидува да покаже дека знаеле, ама не можеле“.

25 Марина Тунева, интервју со член на тимот на ЗНМ, јули 2017 година.

### Дали има практика на државно огласување во медиумите и дали тоа се злоупотребува за да се влијае врз уредувачката политика во медиумите?

Во овој дел е забележан напредок во текот на минатата година. Владата се откажа од рекламирањето во приватните медиуми со јавни пари. Ова беше практика на минатата Влада, која беше силно критикувана поради тоа од домашната и од меѓународната јавност. Мерката беше поздравена од ЗНМ како многу позитивен чекор во правец на раскинување на клиентелистичките врски меѓу Владата и сопствениците на медиуми.[26].

Сепак, како исклучок беше оставено рекламирањето на социјалните мрежи, како и формулацијата дека натамошната „*комуникација ќе се одвива преку јавниот сервис*“[27].

### Дали постојат субвенции за продукција на медиумска содржина од јавен интерес и ако постојат како тоа функционира во практиката?

Во моментот не постои системско решение за субвенционирање на медиумска содржина од јавен интерес. Кон крајот на 2017 година, со помош на ЗНМ, се формираше Здружение на печатените медиуми кое лобира кај Владата за субвенција на весниците. Моделот[28] кој ЗПМ го предлага се состои од помош во покривање на половина од трошоците за печатење и дистрибуција на сите печатени медиуми, како и дополнителни 20 проценти

26 ЗНМ, „Поздравено укинувањето на владиното рекламирање“, Скопје, 2018 http://znm.org.mk/?p=3671 , пристапено на 25 јули 2018 година.

27 Медиаобсерваториум, „Подготвени се измените на клучниот медиумски закон“, Скопје, 2018 година, http://mediaobservatorium.mk/podgotveni-se-izmenite-na-kluchniot-mediumski-zakon/ пристапено на 8 август 2018 година.

28 Слободна Европа, „Потребни се субвенции, а не нова корупција на весниците“, Скопје, 2018 https://www.slobodnaevropa.mk/a/28943545.html пристапено на 25 јули 2018 година.

за помагање на медиумите на помалите етнички заедници, со што би ги исполниле критериумите од конвенциите на УНЕСКО и на ЕУ за помагање на медиумите на помалите заедници, со цел да се заштити и промовира нивниот културен и јазичен идентитет.

Постои начелен интерес од страна на Владата да се поддржат весниците и затоа ова е предвидено во Планот 18 кој претставува документ за стратешки политики за реформи на Владата.

И покрај тоа што Владата донесе одлука да не се трошат јавни средства во приватните медиуми и тоа главно се почитува од институциите кои се дел од централната власт, оваа практика е поинаква на локално ниво. За потребите на овој извештај, ЗНМ достави барања до сите општини да информираат колку имаат потрошено средства во првата половина од 2018 и колку планираат да потрошат во приватните медиуми, но и директно преку авторски договори со новинар. Две третини од општините одговорија, а додека останатиот дел од општините не доставија одговор. Според добиените податоци во првата половина за рекламни цели се потрошени над 15 милиони денари, а до крајот се планира да се потрошат уште дополнителни 15 милиони денари. Според овој податок, околу 500.000 илјади евра, јавни пари, ќе се потрошат во регионалните и локалните медиуми за разни рекламни цели. Износот веројатно е и поголем, имајќи предвид дека 18 општини не доставија одговори.

### Кои се механизмите за финансирање на медиумите кои известуваат на јазиците на заедниците?

Во рамките на јавниот радиодифузен сервис постојат сервиси на јазиците на националностите во РМ - во радио и ТВ-програмата.

Не постојат други механизми за финансирање на медиуми на јазиците на националностите.

### Дали независноста и автономијата на МРТ е загарантирана и заштитена? Дали моделот за финансирање обезбедува независно и стабилно финансирање?

Јавниот радиодифузен сервис нема финансиска независност и одржливост. Став на ЗНМ е дека власта и опозицијата здружно работат заткулисно против спроведување на препораките на Европската комисија за реформите во јавниот сервис. Власта ја напаѓа финансиската независност на МРТ преку преполовување на изворите за финансирање, а опозицијата преку опструкција на измените и дополнувањата на Законот за АВМУ се обидува да ги задржи своите партиски војници во управните органи на јавниот сервис.

ЗНМ смета дека Владата ја нарушува институционалната автономија и независност на МРТ со тоа што високи владини функционери јавно ги повикуваат раководните лица на јавниот сервис да поднесат оставки, наместо да најде системско решение за политизацијата и партизацијата на управувачките органи на институцијата. Таа упаѓа во системот за финансирање на МРТ спротивно на законот, кој предвидува 0.5 отсто од буџетот да се користи за финансирање на јавниот сервис, кој од друга страна сè уште се третира како јавно претпријатие[29].

За финансирањето на јавниот сервис, ЗНМ предложи компромисно решение за прогресивно зголемување на буџетот на јавниот сервис почнувајќи со 0.8 отсто во 2018 година, завршувајќи со еден отсто од буџетот во 2020 година.

29 ЗНМ, „Реформа на МРТ со повеќе пари и со помалку партиско влијание", Скопје, 2018, http://znm.org.mk/?p=4469 пристапено на 7 август 2018 година.

### A.2. Дали законите за клевета предизвикуваат ефект на заплашување кај новинарите?

Клеветата и навредата беа декриминализирани во 2012 година со донесувањето на Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда[30]. Во изминатата година не се направени промени во овој закон, иако, како што беше констатирано погоре, Владата во Планот 18 предвиде законски интервенции кои, според најавите, треба да кореспондираат со новите европски трендови на овие дела.

Во периодот од 2013 до 2015 година во судовите беа поведени голем број спорови во кои како тужители се јавуваа високи владини функционери, а како тужени, новинари кои критички известуваат за власта. Во 2016 и 2017 година, според податоците на ЗНМ, беше забележан тренд на намалување на ваквите случаи, односно околу 30-ина случаи на годишно ниво. Не постои прецизна евиденција колкав процент од овие случаи е иницирaн од државни службеници или политичари, но генерален впечаток добиен од реализираните интервјуа и од континуираното следење на судската практика е дека клеветата и навредата сè помалку се користат од страна на властите за притисок врз критичкото новинарство.

Исклучок се тужбите за клевета кои високи претставници на ДУИ (Демократска унија за интеграција) ги имаат покренато против критички медиуми на албански јазик. ДУИ е коалиционен партнер на СДСМ во власта, а беше и дел од претходната владина коалиција со ВМРО-ДПМНЕ во последните 10 години. Како илустрација на овој тренд е пресудата од 20.000 евра за новинарот и главен уредник на весникот „Лајм“ Исен Салиу, донесена по тужбата поднесена од лидерот на ДУИ Али Ахмети. Пресудата е донесена за напис објавен во февруари 2016 година.

**Дали кај новинарите оваа пресуда или ова однесување на ДУИ предизвикува ефект на самоцензура?**

Македонските судови не го применуваат целосно Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда. Тие имаат различна судска практика кон клеветничките изјази објавени во онлајн медиумите. Основниот суд во Скопје и Апелациониот суд ги одбиваат тужбите за клевета против онлајн медиумите поради тоа што во Законот за медиуми не биле третирани како медиуми, иако во Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда има посебен член кој го регулира начинот на постапување на судот кога клеветнички изјави ќе се објават во онлајн медиуми. За разлика од скопските судови, останатите апелациски судови во Битола и Охрид, ги процесуираат тужбите за клевета против онлајн медиумите и мериторно одлучуваат. ЗНМ ја критикува ваквата практика како неприфатлива, бидејќи тоа претставува обид за лиценцирање на медиуми. „Ваквата практика на судот има политичка заднина, која треба да ги дискредитира онлајн медиумите и да и обезбеди лажно алиби на Владата за да воведе построга регулација за нив, спротивно на европските стандарди за слобода на интернет“.

ЗНМ достави посмена иницијатива до Врховниот суд на Македонија, со барање во најкраток рок да ја усогласи судската практика и во иднина Граѓанскиот суд и Скопска апелација да ги процесуираат предметите.

Во последниот извештај за Примената на Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда во судските постапки против новинари, во кој се анализираат повеќе судски постапки, се споделени следните заклучоци.

> *„1. Бројот на судски постапки против новинари е значително помал во овој четиригодишен период и не се јавуваат пресуди со високи парични казни кон новинарите со исклучок на поединечни судски постапки (пример: Мијалков против неделникот Фокус). 2. Постапките во кои како странки учествувале носители на јавни функции се одвивале побрзо, а при постапувањето на судиите е забележана тенденција за неоснована заштита на честа и угледот на функционерите. 3. Трошоците за водење на постапките пред граѓанските судови се мошне високи, што пак им овозможува на оние кои тужат новинари да имаат високи парични побарувања од судот и 4. И покрај напорите на Академијата за обука на судии и јавни обвинители, ЗНМ и останати организации, голем е бројот на судии кои сè уште се недоволно обучени за судските постапки што се однесуваат на навреда и клевета и за користење на судската практика на Европскиот суд за човекови права“*[31].

30 Службен весник на РМ, 143/2012.

31 ЗНМ, „Примената на Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда во судските постапки против новинари“, Скопје,2018, http://znm.org.mk/wp-content/uploads/2016/03/%D0%9F%D1%80%D0%B8%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%B7%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%BE%D1%82-%D0%B7%D0%B0-%D0%B3%D1%80%D0%B0%D1%93%D0%B0%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B0-%D0%BE%D0%B4%D0%B3%D0%BE%D0%B2%D0%BE%D1%80%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82-%D0%B7%D0%B0-%D0%BA%D0%BB%D0%B5%D0%B2%D0%B5%D1%82%D0%B0-%D0%B8-%D0%BD%D0%B0%D0%B2%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%B0-%D0%B2%D0%BE-%D1%81%D1%83%D0%B4%D1%81%D0%BA%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%BF%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B0%D0%BF%D0%BA%D0%B8-%D0%BF%D1%80%D0%BE%D1%82%D0%B8%D0%B2-%D0%BD%D0%BE%D0%B2%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D1%80%D0%B8.pdf пристапено на 22 август 2018.

### А.3. Дали постои доволна правна заштита на политичкиот плурализам во медиумите пред и за време на изборните кампањи?

Во текот на периодот кој е опфатен со овој извештај беа организирани локални избори на 15 и 29 октомври 2017 година. Во текот на овој изборен циклус почитувањето на законските обврски од страна на медиумите го следеше ААВМУ, која ги проследуваше потенцијалните повреди и жалби до надлежниот суд. ААВМУ вршеше систематско следење на медиумското известување за изборната кампања и редовно објавуваше извештаи на својот веб-сајт.

Агенцијата покрена 14 прекршочни постапки против девет медиумски куќи за повреди поврзани со платено политичко рекламирање, неизбалансирано известување, објавување анкети на јавното мислење и повреди на предизборниот молк. Основните судови донесоа одлуки во четири случаи, од кои во три наметнуваа глоби пониски од оние пропишани во Изборниот законик и во еден случај издадоа само официјално предупредување. Две одлуки беа обжалени од ААВМУ поради ниските глоби.

Според извештајот на ОБСЕ/ОДИХР, „ААВМУ ја докажа својата професионалност во текот на изборите, целосно остварувајќи го својот мандат, но делотворноста на пресудувањето на жалбите поврзани со медиумите беше поткопана со тоа што судовите ги пропуштаа законските рокови и досудуваа глоби под оние пропишани со законот [32].

Во однос на медиумското покривање од страна на МРТ, оценка на меѓународната набљудувачка мисија беше дека МРТ обезбедила претставување на сите кандидати, бесплатно и во ударни термини. Сепак, оваа можност не ја искористиле сите кандидати. Еден од заклучоците во извештајот е и дека „*...на МРТ и недостигаше продлабочено известување, што ги ограничи аналитичките информации достапни за гласачите, а обезбеди штуро покривање на жените-кандидати и политичарки*“.

ОБСЕ/ОДИХР го коментираше и законското барање МРТ да посвети определено време во секои вести на покривањето на активностите од кампањите на партиите. Според нив, ова решение треба да се замени со погенерално барање да се овозможи „*правичен пристап и информативно покривање на помалите партии и независните кандидати, како и зачувување на балансот меѓу принципот на еднакви можности меѓу учесниците, плурализмот на гледишта и новинарската слобода*“.

Во споредба со претходните изборни циклуси кога беше констатиран недостаток на правично покривање на кампањите на тогашните опозициски партии, став на Мисијата на ОБСЕ беше дека овој пат имаше подобра застапеност на политичките партии во приватните електронски медиуми. Според мониторингот на ОБСЕ, во првиот круг СДСМ добила 40%, ВМРО-ДПМНЕ 35 проценти, а ДУИ 9%. Кај весниците, констатација на ОБСЕ е дека во двата круга, мониторираните весници генерално обезбедиле најмногу покривање за двете главни партии, СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ, а биле неутрални по тон, освен весникот Слободен печат. Периодот на изборен молк во обата круга беше почитуван од сите мониторирани медиумски куќи, со исклучок на весникот Слободен печат.[33]

Со претходните измени на Изборниот законик во 2016 година беше предвидено ААВМУ да врши мониторинг и на онлајн медиумите. Но, и покрај законската обврска, ААВМУ не го надгледуваше известувањето на онлајн медиумите поради тоа што не постои ваква регулаторна практика во Европа.

На 25 јули 2018, на целосно нетранспарентен начин, без соодветна јавна дебата, власта и опозицијата постигнаа политички договор за измените и дополнувањата на Изборниот законик. Со измените, платеното политичко рекламирање на партиите во медиумите за време на изборна кампања се плаќа со јавни пари.

Исто така, измените и дополнувањата во Изборниот законик и даваат овластување на Државната изборна комисија да ги регистрира онлајн медиумите коишто ќе известуваат за изборите, како и да го мониторира и оценува начинот на известување. Поради неизбалансирано известување ДИК можеше да изрекува глоби за медиумите во износ од 4.000 евра. Казните ќе ги одредува тело кое ќе функционира во рамките на ДИК. Покрај тоа, со членот 3 став 11, на учесниците во изборниот процес им се наложува да достават медиа планови за политичко рекламирање кое потоа ќе биде платено од Буџетот на РМ на приватните медиуми.

---

32 Конечен извештај на Мисијата за набљудување на изборите на ОБСЕ/ОДИХР, страница 20.

33 Конечен извештај на Мисијата за набљудување на изборите на ОБСЕ/ОДИХР страница 23.

Претходно, ставот на ЗНМ и на други медиумски организации, којшто им беше познат на партиите, е да се укине политичкото рекламирање за време на изборни кампањи во приватните медиуми платено со јавни пари. Измените во Изборниот законик не само што го озаконуваат тоа, туку обезбедуваат и одржување на старите клиентелистички односи меѓу политичките партии и сопствениците на медиумите воспоставени со владините реклами и системот на субвенционирање на домашната програма на националните телевизии. Затоа, ЗНМ, заедно со ССНМ и СЕММ остро реагираа на овие измени и дополнувања на Изборниот законик оценувајќи дека истите директно ја загрозуваат слободата на медиумите овозможувајќи им на партиите да ја контролираат нивната уредувачка политика[34]. Ставот на повеќе организации и медиумски експерти е дека овие измени во Изборниот законик не се во прилог на планираните медиумски реформи и негативно ќе се одразат врз работата на медиумите и севкупниот демократски амбиент во време на предизборна кампања.

На слична линија беше и реакцијата на ААВМУ, која истите измени ги оцени дури и како скандалозни[35]. Според ААВМУ, во европската практика постојат изолирани случаи за надоместување на трошоците на медиумите од државните буџети за време на избори, но за медиумите на кои им се наметнуваат обврски за бесплатно политичко претставување на учесниците во изборите, во услови кога е забрането платеното политичко рекламирање, што не е случај во Република Македонија.

И ЗНМ и ААВМУ ги оценија овие законски одредби како катастрофално решение кое навлегува во уредувачката слобода на медиумите, бидејќи учесниците во изборната кампања ќе ги подготвуваат медиа плановите за платено политичко рекламирање, наместо самите медиуми. Со поддршка на ставот на ЗНМ се огласи и Европската федерација на новинари[36], а на платформата на Советот на Европа[37] за заштита на слободата на говорот беше објавен алерт заради овие измени кои можат да ја ограничат слободата на медиумите.

**А.4. Дали слободата на новинарската работа и на здружување се гарантира со закон и дали законот се спроведува?**

Во Македонија новинарската професија не е лиценцирана, но во Законот за медиуми е дефиниран поимот новинар како „*лице кое собира, анализира, обработува или класифицира информации објавени во медиумите и е вработено во медиумите или има договор за работа со нив, или лице кое реализира новинарски активности како независна професија (слободен новинар)*".

Во Македонија новинарската професија не е лиценцирана, делумно и поради постојаното и гласно инсистирање на новинарската заедница и новинарските здруженија при донесувањето на Законот за медиуми. ЗНМ со другите медиумски организации беа и сè уште се против дефинирање на новинарската професија со закон, бидејќи со тоа се создава основа за ограничување на слободата на новинарите. Професионалното новинарство може да биде предмет само на саморегулација, а не и на законска регулација. Заради тоа, заложба на ЗНМ е овој член од Законот целосно да се избрише.

За прв пат по подолг период на влошување, во извештаите на меѓународните организации кои се занимаваат со оценка на слободата на медиумите, Македонија бележи извесно подобрување. Така, во извештајот на Фридом Хаус состојбата е оценета со 5, што е подобрување од минатогодишната оценка 5.25. Слично на ова, во годишното рангирање на Македонија во извештајот на Репортери без граници, Македонија бележи благ пораст, од 111-то на 109-то место[38].

Овие оценки се генерално искажани и од медиумските експерти, интервјуирани за потребите на овој извештај:

34 ЗНМ, „Измените на Изборниот законик ги загрозуваат работата и слободата на медиумите", Скопје, 2018 година, https://znm.org.mk/?p=4571 пристапено на 16 август 2018 година.

35 Правдико, „АВМУ: Скандалозни решенија во измените на Изборниот законик", Скопје, 2018 година, https://www.pravdiko.mk/avmu-skandalozni-reshenija-vo-izmenite-na-izborniot-zakonik/#more-65905 пристапено на 22 август 2018 година.

36 ЗНМ, „Поддршка од ЕФН за ЗНМ околу измените во Изборниот законик", Скопје, 2018 година, https://znm.org.mk/?p=4607 пристапено на 16 август 2018 година.

37 ЗНМ, „Советот на Европа алармира за рестриктивните измени во Изборниот закон за медиумите", Скопје, 2018 година, https://znm.org.mk/?p=4597 пристапено на 22 август 2018 година.

38 Reporters without borders, Рангирање на Македонија за 2018 година, https://rsf.org/en/republic-macedonia.

*„Да, состојбата со слободата на медиумите е подобрена, но зборот 'драстично' е сепак несоодветен. Јас би рекла дека состојбата е потенцијално подобрена“*[39].

*„Не би рекла дека драстично се подобри. Би рекла дека се случи едно придвижување на работите, од точка на дно во слободата на медиумите до точка кога полека почна да се создава надеж дека ќе се влезе во период на вистински реформи кои ќе му направат добро на новинарството и на медиумите воопшто“*[40].

Во Македонија, во минатите години, во неколку наврати имаше иницијативи што доаѓаа од кругови блиски на властите за воведување лиценци за новинарската професија и за регулирање на онлајн сферата, со главен аргумент дека има многу неетично и непрофесионално новинарство. Преовладуваше сфаќање дека новинарската професија и работата на сите медиуми треба да се дефинира или да се опфати со некој општ медиумски или друг закон, со цел да се воведе ред, особено во онлајн сферата. Кон ваквата тенденција придонесоа и одлуките на некои судови да не ги прифаќаат тужбите за клевета или навреда изнесена во онлајн медиуми, бидејќи овие медиуми не се опфатени со ниту еден медиумски закон. Со ова се создава клима во јавноста која може повторно да доведе до јавна поддршка за лиценцирање на онлајн медиумите. Освен тоа, со ваквите одлуки судовите, де факто надвор од својата законска надлежност, произволно арбитрираат кој може да е новинар, а кој не, што е спротивно на демократската практика во развиените земји. Против регулирањето на онлајн медиумите се изјаснуваат и дел од интервјуираните согворници:

*„Регулација на онлајн медиумите е недозволива и непозната практика во демократските општества. Најмногу за што може да се разговара е нотификација/регистрација на онлајн медиумите како кај печатените медиуми. На тоа упатува и студијата изработена од Советот на Европа“*[41].

Факт е дека и дел од медиумите и новинарите, критикувајќи ги повредите на новинарските стандарди и авторските права од страна на самите медиуми, стануваат поддржувачи на законската регулација на професијата. Според Марина Тунева: „Тоа што загрижува е што од незнаење дел од медиумската заедница, исто така, ја поддржува таквата тенденција. Не можејќи да се справат со непочитувањето на авторските права и отсуството на саморегулирачки пазар прибегнуваат кон фаворизирање на законска регулација“[42].

Генерален заклучок од интервјуата со 13 новинари реализирани за потребите на овој извештај, во однос на слободата на новинарската работа во редакцијата и надвор од неа, е дека во изминатиот период таа бележи благо подобрување.

Поголемиот дел од новинарите се организирани во професионални здруженија. Најголемо и најстаро здружение е ЗНМ, основано во 1946 година, член на Меѓународната федерација на новинари (МФН) и на Европската федерација на новинари (ЕФН). Тоа е независна, невладина и неполитичка организација чија цел е да ја заштити и промовира слободата на говорот и етичкото новинарство[43]. Од 2010 година после измените на Статутот, раководството на ЗНМ се избира на слободни избори, во кои учествуваат сите членови на организацијата, според принципот еден член - еден глас. Следните избори за ново раководство на ЗНМ ќе бидат организирани во декември 2018 година, кога се очекува да се избере новото раководство на Здружението. Во моментот, бројката на редовни членови на ЗНМ изнесува 680 членови.

Македонската асоцијација на новинари (МАН) беше формирана во 2003 година, а беше реактивирана во 2013 година. Сите нејзини ставови во однос на ситуацијата во медиумската сфера беа скоро

39 Тамара Чаусидис, интервју со член на тимот на ЗНМ, јули 2017.

40 Марина Тунева, интервју со член на тимот на ЗНМ, јули 2017 година.

41 Зоран Трајчевски, интервју со член на тимот на ЗНМ, јули 2017 година.

42 Марина Тунева, интервју со член на тимот на ЗНМ, јули 2017 година.

43 Информации во врска со Здружението на новинарите на Македонија може да се најдат на неговата интернет страница: http://znm.org.mk/?page_id=719&lang=en.

идентични со оние на минатата влада на ВМРО-ДПМНЕ. Во јули годинава е одржано ново изборно собрание, а во изборот на новото раководство учествуваа околу 20 новинари. МАН нема своја веб-страница и нејасно е кој членува во него, колку членови има и кои се методите со кои комуницира со членството и ја информира јавноста. МАН, исто така, нема свој етички кодекс на новинари.

Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ)[44] е организација која е основана во 2010 година и претставува единствена синдикална организација на новинари и медиумски работници. Иако во медиумите се појавија информации за основање нов, односно паралелен „провладин" синдикат на новинари, во кој ќе членуваат новинари од медиумите блиски до поранешната владејачката партија, како пандан на МАН како паралелно, односно провладино новинарско здружение, сепак, по преминувањето на претходната владејачка партија во опозиција, оваа иницијатива не се оствари.

Советот за етика во медиумите (СЕММ) постои од 2013 година како тело за саморегулација во медиумите и својата активност, главно, ја базира врз утврдување на јавни морални санкции за оние медиуми кои не ги почитуваат професионалните/етичките стандарди, Кодексот на новинарите и Принципите на Меѓународната федерација на новинари.

**А.5. Какво е нивото на правна заштита на новинарските извори?**

Уставот на Република Македонија го гарантира правото на доверливост на изворите на информации[45], според кое новинарот има право да не го открие изворот на информации или да не открие информации со кои ќе го обелодени идентитетот на изворот.

Во Кривичниот законик нема ограничување во однос на заштитата на новинарските извори. Но, важно е да се напомене дека и покрај непостоење на ограничувања, во 2013 година судот искористи друга законска одредба за необјавување на идентитет на заштитен сведок, за да се затвори новинар поради тоа што во истражна постапка одбил да го открие својот извор за приказна објавена во 2008 година.

Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда ја уредува граѓанската одговорност за штета нанесена на честа и угледот на физички и правни лица со клевета или навреда, но утврдува и дека на новинарите не може да им се наметне да ги откријат своите извори. Судот може да побара од новинарот да открие информации за да се потврди вистинитоста на објавените искази, без да се идентификува изворот на информацијата.

Во текот на периодот на известување не се утврдени нови случаи на загрозување на правото на тајноста на изворите на информации.

44 Информации за ССНМ може да се најдат на следната интернет страница: http://ssnm.org.mk/?lang=en.

45 Уставот на Република Македонија, член 16.

## А.6. Какво е нивото на заштитата на правото на пристап до информации?

Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер беше изгласан во 2006 година и во неколку наврати беше менуван и дополнуван[46]. Како што беше констатирано во минатогодишниот извештај, Законот не е целосно усогласен со основните принципи утврдени во меѓународното право. Рокот од 30 дена за добивање информација од јавен карактер е предолг за новинарите, а постојат и премногу основи врз кои јавните институции може да им одбијат на граѓаните пристап до некои информации. Во практиката, беше констатирано и во 2016 и 2017 година дека Законот воопшто или нецелосно се спроведува. Дури 87% од анкетираните новинари во 2016 година, на чии барања било одговорено, ги оцениле добиените одговори како нецелосни.

Во 2017 година, ЗНМ, заедно со неколку други медиумски организации побараа измени на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер со цел да се утврди пократок рок за пристап што би им овозможило на новинарите побрзо да дојдат до бараните информации и документи (по можност помеѓу 7 и 10 работни денови), и максимално да се стеснат основите за одбивање на барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно да не им се остава простор на институциите за своеволно толкување на основите за одбивање со цел да се прикриваат информации и да се оневозможи правото на пристап[47].

Годинава, започнат е процес за измени на Законот, последната информација во врска со законскиот проект е од март 2018 година. Комисијата за слободен пристап до информации од јавен карактер е нефункционална, затоа што тројца од пет членови на Комисијата имаат дадено оставка. Во рамките на ова трето истражување, ЗНМ побара пристап до информации од јавен карактер до сите општини со барањето за информации за потрошени и планирани средства за рекламирање во 2018 година. На барањето одговориле, во законскиот рок 62 општини, а 18 не доставиле одговор. Дел од општините, како што се Кавадарци и Струмица, имаа доставено одговори кои не кореспондираа со нивните одговори кои ги имаа добиено новинари на прашањето колку средства потрошиле во првата половина од 2018 година, односно колку планираат да потрошат до крајот на годината.

Еден од значајните законски проекти кои се ставени во процедура е Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Причина за предложените измени се нецелосната имплементација на Законот и отсуството на негова доследна примена, што резултира со потреба за подобрување на текстот на истиот. Ова беше нотирано и во изминатите верзии на овој извештај како потешкотија со која се судираат новинарите при извршувањето на своите професионални задачи, а и самото ЗНМ се судира со истите потешкотии во својата работа, вклучувајќи и добивање релевантни податоци од институциите при подготовката на своите извештаи.

46 Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер.

47 ССНМ, „ Барања за системски медиумски реформи“, Скопје, 2017 година, https://ssnm.org.mk/%D0%B1%D0%B0%D1%80%D0%B0%D1%9A%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D1%81%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B5%D0%BC%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%BC%D0%B5%D0%B4%D0%B8%D1%83%D0%BC%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D1%80%D0%B5%D1%84%D0%BE%D1%80%D0%BC/ пристапено на 25 јули 2018 година.

# Б

# Позицијата на новинарите во редакцијата, професионалната етика и нивото на цензура

И оваа година, анализата покажува дека сè уште постојат сериозни ограничувања на новинарските слободи во Македонија, како резултат од лошиот економски и социјален статус на новинарите. И понатаму платите на новинарите остануваат ниски и се под просекот на просечните месечни примања во државата, а процентот на новинарите кои имаат безбедно работно место со постојан договор за вработување со обезбедени социјални и работни бенефиции останува низок.

Овие податоци произлегуваат од интервјуата со новинари и претставници на медиумски организации и институции, реализирани за потребите на ова истражување поврзано и со професионалната, економската и социјалната положба на новинарите. Освен ова, земени се предвид и годинешни публикации и извештаи од повеќе домашни и меѓународни организации кои ја анализираат состојбата со слободата на изразување и правата на новинарите во Република Македонија.

Во 2018 година, продолжува трендот на затворање на медиуми, а тековно има и национални телевизии за кои има отворено и тече стечајна постапка. Со тоа директно се влијае врз намалувањето на бројот на вработени во медиумскиот сектор.

Често, новинарите кои остануваат без работа отвораат информативни онлајн медиуми или пак преминуваат во веќе постоечки, кои најчесто имаат значително мал број вработени. Ова влијае врз квалитетот на објавената содржина и често се прекршуваат професионалните и етичките стандарди. Во услови кога новинарите се изложени на притисоци внатре во редакциите, често од страв, но и поради непознавање на нивните работнички права не поднесуваат тужби. Затоа во Македонија сè уште нема ниту еден судски случај за мобинг покренат од страна на новинар.

**Б.1. Дали економската положба на новинарите се злоупотребува со цел да се ограничи нивната слобода?**

Економската независност на новинарите претставува еден од основните предуслови за професионално новинарство и затоа е неопходно да постојат заштитни механизми кои ќе им овозможат на новинарите да ја вршат својата работа без притисоци.

Економската положба на новинарите продолжува да се злоупотребува за да се ограничи нивната слобода. Од спроведените прашалници кои беа доставени до членството на ЗНМ, според добиените одговори, **просечната плата на новинарите изнесува 18.800 денари нето за еден месец, што е за околу 30% помалку од просечната плата во 2018 година**. Половина од нив немаат договор за вработување на неопределено време, а помал дел се ангажирани со авторски договор. Овие наоди ги потврдуваат и резултатите од последната анализа на Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ) спроведена во текот на јули и август 2017 година, во која биле вклучени 127 медиумски работници[48]. Според оваа анализа, 85% од новинарите имаат плата помалку од 500 евра месечно, а на 45% платата им е помала од државниот просек.

Дел од членовите на ЗНМ кои одговорија на прашалниците наведуваат и дека работат за помалку од 12.000 денари месечни приходи, а друг впечатлив показател е и големата разлика на примања што ја имаат новинарите кои работат во внатрешноста во споредба со колегите кои работат во медиумите во Скопје. Во поглед на редовната исплата на месечната плата на новинарите, според последното истражување на ССНМ[49], на повеќе од 55% од новинарите им доцнат платите. Во оваа насока, д-р Снежана Трпевска коментира:

> „*Заедно со безбедноста, прашањето за социоекономскиот и работниот статус е клучно. Еден новинар може на краток рок да издржи притисоци, но ако со години не прима редовна и доволна плата, не му е сигурна работата, не се чувствува заштитен при работниот однос, постепено ќе подлегне на притисоците*“.

48 ССНМ, „Платата во медиумите заглавена под просекот“, Скопје, 2017, https://ssnm.org.mk/платата-во-медиумите-заглавена-под-пр/ пристапено на 4 август 2018 година.

49 Тамара Чаусидис, интервју со член на тимот на ЗНМ, јули 2017.

Цензурата во медиумите сè уште е присутна, а постои и страв од страна на новинарите истата да ја пријават. Во таа насока, Трпевска додава:

> *„Стравот доаѓа од нивната несигурност во поглед на работно место, платата, тежината на самата професија. Со години, станале конформисти, не е лесно да си новинар, а особено не е лесно ако не си заштитен, ако знаеш дека колеги ја изгубиле работата, им се заканувал директорот или сопственикот. Уредниците се, според мене, клучната алка во заштитата и во охрабрувањето на новинарите. Доколку се тие професионални и независни, ќе влијаат врз вкупната атмосфера во редакцијата“.*

Причината за непријавување цензура во редакциите е директно поврзана со социоекономските проблеми што ги имаат новинарите. Во оваа насока, Тамара Чаусидис, претседател на ССНМ, вели:

> *„Стравот е оправдан, не само што ќе бидат казнети со отказ (во првата дадена можност), туку нема да добијат поддршка ниту од колегите, а шансите за ново вработување им се намалуваат затоа што ќе бидат етикетирани како ‘проблематични’“.*

Дополнителен индикатор дека постои страв меѓу новинарите да зборуваат јавно за притисоци од страна на уредниците или од менаџментот на медиумите е и фактот што повеќето новинари кои одговорија на прашалниците од ова истражување побараа да останат анонимни.

Позитивен развој во 2018 година е најавата за преговарање[50] за да се потпише колективен договор меѓу Македонската информативна агенција (МИА) и ССНМ, процес кој е поддржан од Министерството за труд и социјална политика. Доколку во МИА во блиска иднина се потпише Предлог-колективниот договор на ССНМ, ова ќе биде позитивен пример, пред сè за другите новински агенции, но и за комерцијалните медиуми, а ќе придонесе и кон поголема социјална заштита на новинарите и медиумските работници.

Без оглед на лошата економска состојба во која се наоѓаат медиумите и новинарите, мора да се нагласи дека во последната година се забележува подобрување во начинот на кој известуваат медиумите и поголемо присуство на јавна критика кон владините политики. Една од причините за ова е вкупната демократизација на јавната сфера што се случи со промената на власта, со што се намали политичкиот притисок врз медиумите.

Бројката на новинари и медиумски работници и оваа година останува непозната, но се претпоставува дека има помалку новинари споредено со претходните години. Официјални показатели има само за аудиовизуелниот сектор објавени од медиумскиот регулатор. Така, **во 2017 година вкупниот број на вработени лица во радиодифузните медиуми изнесувал 2258, а во 2016 година изнесувал 2416 лица, што значи дека во сите радиодифузери, вклучувајќи ја и МРТ, во 2017 година работеле 158 лица помалку споредбено со претходната година**. Од овие лица, во 2017 година, најголем дел биле вработени во Македонската радио-телевизија (вкупно 847 лица). Во приватниот сектор најголем дел биле вработени во петте национални терестријални телевизии, и тоа 612 лица, а најмалку во комерцијалните радиостаници на државно ниво.

50 ССНМ, „Договорен почеток на преговори за колективен договор во МИА“, Скопје, 2018, https://ssnm.org.mk/договорен-почеток-на-преговори-за-кол/ пристапено на 11 август 2018 година.

### Б.2. Какво е нивото на уредувачката независност од сопствениците на медиумите и органите на управување?

Приватните медиуми на своите веб-страници немаат објавено внатрешни организациски акти, кои гарантираат независност на уредничкиот колегиум од менаџментот на телевизијата.Тие дури не ги почитуваат и обврските од Законот за медиуми[51], кој во членот 10, му налага на издавачот на медиумот во рок од 90 дена од започнувањето на работата на медиумот, да донесе општ акт со кој ќе се уреди: составот на редништвото, правата, обврските и одговорностите на главниот уредник, уредниците и новинарите, меѓусебните права и обврски меѓу издавачот на медиумот, одговорниот уредник, уредниците и новинарите, назив и адреса на медиумот, име на одговорното лице на издавачот, како и на уредниците, во согласност со внатрешната организација.

Новинарите не ги тужат уредниците и медиумските сопственици кога се прекршуваат нивните права. Така, во моментов не е познато дали постои тековен судски случај каде новинар тужи за мобинг, а исто така, нема ниту правосилна пресуда за ова дело. Иако во јавноста имало најави дека новинари ќе покренат тужби за мобинг во новинарскиот синдикат, сепак, според претседателката Тамара Чаусидис, во минатата година немало регистрирани вакви случаи. Ова не значи дека не се прекршуваат правата на новинарите и медиумските работници, туку причините се најчесто непознавањето на општите работнички права и посебно на правото на заштита од мобинг од страна на новинарите, недовербата во судовите, а и неповолните работни договори што се најчесто склучени на определено време.

Од друга страна, поврзаноста меѓу сопствениците на одделни медиуми и центри на моќ често е на штета на новинарите кои работат во овие медиуми. Иако медиумскиот регулатор во минатите години нема укажано на таква поврзаност или на скриена медиумска концентрација, сепак, во јавноста имаше бројни шпекулации за тоа дека дел од националните медиуми имаа само формален сопственик зад кој стојат центри на моќ поврзани со бизнис-елитата и политичките партии. Дел од ваквите медиуми, во периодот на владеење на ВМРО-ДПМНЕ се финансираа во голема мера од средствата од Буџетот наменети за јавни кампањи, со што вештачки се одржуваа на пазарот. По прекинот на државното рекламирање, нивната финансиска положба драстично се влоши, што влијаеше и на положбата на новинарите вработени во тие медиуми. Така на пример, ТВ Алфа бележи сериозно намалување на приходите по прекинот на владините кампањи кои беа платени со јавни пари и за кои беше ставен мораториум во јуни 2015 година. Втор пример е националното радио Слободна Македонија кое во 2018 година ја загуби дозволата за работа, а познато е дека и седум од девет регионални медиуми кои беа отворени во 2014 година и имаа огромни приходи од јавни пари веќе се затворени. Натаму, националната кабелска телевизија ТВ Нова, која во моментот е во стечајна постапка, исто така, имаше огромни приходи од јавни средства, а остана и неразјаснето тоа дека оваа телевизија користела дел од опремата на МРТ.

Ваквите примери, според Зоран Фиданоски, член на Советот на АВМУ, се показател за тоа дека медиумите често се користеа за остварување на политички цели, а новинарите во нив беа изложени на секојдневни притисоци:

> „*Лично бев сведок кога во еден медиум, еден од новинарите го читаше текстот од прилогот од својот телефон кој кратко пред вестите го имаше добиено како порака*“.

Единствениот кодекс кој важи за сите професионални новинари е Кодексот на новинарите на Македонија, усвоен во 2001 година според кој постапуваат и Советот на честа на ЗНМ и Советот за етика во медиумите на Македонија.

Поголем дел од влијателните приватни медиуми се членки на Советот за етика на медиумите во Македонија (СЕММ), тело за саморегулација, основано во 2014 година. Тие со тоа формално се обврзани да се придржуваат кон Кодексот на новинарите. Освен кон Кодексот, над 90 приватни медиуми се имаат обврзано дека ќе ја почитуваат и Повелбата за етичко известување за време на изборен процес[52]. Сепак, неколкуте медиуми со најголемо влијание врз јавното мислење често ги прекршуваа овие принципи.

51 ААВМУ, „Закон за медиуми“, Скопје, 2017 година, http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Zakon_za_mediumi_mkd.pdf пристапено на 25 јули 2018 година.

52 ССНМ, „Повелба за етичко известување за избори“, Скопје, 2017, http://semm.mk/novosti-4/2015-08-11-15-03-18/499-povelba-za-etichko-izvestuvanje-za-izborite пристапено на 27 ноември 2017 година.

### Б.3. Кое е нивото на уредувачката независност на новинарите во ЈРС?

**Одржливото и независно финансирање на јавните сервиси е еден од предусловите предвидени во препораките на Советот на Европа што се однесуваат за основањето и работата на јавните сервиси. Во услови кога МРТ е еден од најголемите должници во Република Македонија и има сè помал буџет секоја година, а обврските според законот им се зголемуваат, не може да се очекува дека овој медиум ќе биде независен и дека новинарите ќе имаат слобода во изборот на темите и начинот на известување.**

МРТ во 2017 година, како статутарна обврска и после неколкугодишни најави, усвои Етички кодекс за новинарите, креативните кадри и сите вработени во МРТ[53]. Овој кодекс наиде на повеќе критики од новинарската заедница, поради содржината на документот, но и поради недостигот на транспарентност во процесот на изработка на истиот. Најголем недостаток на Кодексот е мешањето на новинарската етика со работната дисциплина и со правата и обврските на новинарите што произлегуваат од работните односи[54].

Притисокот што се врши врз новинарите во МРТ останува ист имајќи предвид дека нема промени во менаџментот во овој медиум и тој е различен од оној што го трпат новинарите кои работат во комерцијалните медиуми. Во МРТ новинарите, пред сè, чувствуваат внатрешен притисок и тој се спроведува преку дисциплински мерки од страна на претпоставените, финансиски казни, прераспределба на други работни места и сл. Во оваа насока, новинар од МРТ 1, кој сакаше да остане анонимен, за потребите на овој извештај вели:

> „*Продолжува суптилниот притисок за нарачани прилози, се избираат новинари кои се послушни и кои потоа се наградуваат на разни начини од менаџментот, како што се варијабили, службени патувања во странство и сл.*“.

Особено загрозена категорија се дописниците кои се само неколку на број и имаат најчесто договори за привремен ангажман што можат да бидат лесно раскинати, што всушност и било случај во последните неколку години.

53 МРТ, „Етички кодекс на МРТ за новинарите, креативните кадри и за сите вработени во МРТ", Скопје, 2017 година, http://www.mrt.com.mk/sites/default/files/%D0%95%D1%82%D0%B8%D1%87%D0%BA%D0%B8%20%D0%BA%D0%BE%D0%B4%D0%B5%D0%BA%D1%81%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%9C%D0%A0%D0%A2_0.pdf пристапено на 29 ноември 2017 година.

54 ЗНМ, „Да се одложи донесувањето на Етичкиот кодекс на МРТ", Скопје, 2017 година, http://znm.org.mk/?p=3102 пристапено на 27 ноември 2017 година.

### Б.4. Кое е нивото на уредувачката независност на новинарите во непрофитниот сектор?

Во непрофитни медиуми се смета дека спаѓаат радија кои емитуваат најчесто содржина за млади и тоа на интернет, како и онлајн медиуми кои се занимаваат претежно со новинарски истражувачки стории и се финансираат доминантно или во целост од донаторска помош од меѓународната заедница.

Иако бројот на овој тип медиуми кои се занимаваат со радиодифузија е мал, и во 2017 имало само три вакви медиуми[55], сепак, заедно со неколкуте онлајн медиуми кои се занимаваат со истражувачко новинарство се смета дека имаат голема независност во делот на изборот на темите и за начинот како ќе известуваат за нив. Дел од овие медиуми имаат и редовни истражувачки стории на теми поврзани со корупција, злоупотреба на власт и слично.

Повеќето од информативните онлајн медиуми се регистрирани како здруженија на граѓани[56], односно како граѓански организации, но сепак досега нема спроведено детална анализа за нивната работа и за статусот и независноста на новинарите во редакциите на овој тип медиуми. Тоа што е забележливо е дека редакциите на овие медиуми се мали и вклучуваат неколку новинари кои работат на дневна основа, а финансирањето е нестабилно и неодржливо имајќи предвид дека овие медиуми зависат од странски донации и грантови.

Притисокот кон непрофитните медиуми од кои дел се бават со истражувачко новинарство е намален споредбено со притисокот кој беше присутен во последните неколку години кога новинарите и уредниците од овие медиуми често беа во јавноста дискредитирани на лична основа и кон нив се користеше говор на омраза поради нивната јавна критика кон властите и бизнисмените блиски до Владата.

55 Државен завод за ревизија на Република Македонија, објава за дејност во радиодифузијата од 31 мај 2018 година.

56 Пина.мк; Призма.мк; Нова ТВ; БИРН се дел од попознатите медиуми кои се регистрирани како „непрофитни организации".

**Б.5. Колку слобода имаат новинарите во процесот на производство на вести?**

И оваа година поради небезбедната средина во која работат новинарите, а особено поради практиката на неказнивост, како и поради лошите економски услови во кои работат, новинарите од традиционалните медиуми, вклучувајќи ја и МРТ, ретко одработуваат сензитивни теми. Низ информативните програми на националните медиуми, речиси нема критички теми кои се надвор од прилозите со кои покриваат дневно-политички настани и случувања. Сепак, има зголемување на ТВ-дебати во националните телевизии, но во јавноста постои впечаток дека нема разноликост на учесници и дека претежно се едните исти експерти, кои се блиски до одредени политички и економски центри на моќ. Тие се експерти за сѐ и се канат од медиумите да учествуваат на секакви дебати, без разлика каква тема се обработува.

Изборот на темите за известување во регионалните и локалните медиуми е уште поголем проблем за новинарите поради малата средина во која функционираат овие медиуми, како и поради изразените клиентелистички врски на сопствениците со градоначалниците и другите локални моќници.

Во јавниот сервис, новинар кој беше интервјуиран, а бараше да остане анонимен, вели:

> *„Професионалците се маргинализирани и им се даваат споредни теми да обработуваат, а ова се одразува на содржините во информативните програми, како што се вестите, актуелностите, утринските програми, па дури и контактните емисии со граѓаните“.*

Дополнително, според соговорникот, во содржините преовладува наклонетост кон поранешната партија на власт, а раководството во МРТ останува и во 2018 година исполитизирано, а ова се одразува врз изборот на темите во јавниот сервис.

Ситуацијата во националните телевизии во поглед на темите е пак поинаква, и оние телевизии кои силно го поддржуваа ВМРО-ДПМНЕ во своите политики во последната година имаат промена на уредувачката политика. Во последната година тие отстапуваат простор на новата Влада, а во дел од нив постои и воздржаност во поддршката на ВМРО што не беше случај порано. Ова е уште еден доказ дека новинарите во овие медиуми во основа речиси немале и немаат право на избор на теми, туку тоа го прават уредниците или менаџерите на овие медиуми. Пример за ова е и јавна изјава на директорот на Канал 5 од август 2018 година, според која тој има дадено забрана за емитување на информации од Здружението на новинарите на Македонија и тоа го смета како уредувачка политика на медиумот, а не како притисок за слободно информирање.

# В

# Безбедност на новинарите и статистика за неказнивоста

Безбедноста на новинарите во Македонија во 2018 година се подобри во споредба со претходната година, иако широко е присутна политиката на неказнивост за насилство врз новинари. Бројот на физички напади и закани против новинари драстично се намали. Во периодот од септември 2017 до септември 2018 година Здружението на новинарите на Македонија регистрираше шест напади врз новинари, што споредено со претходната година кога имаше 18 напади, е за три пати помалку.

Последната година истрагите за нападите врз новинари полицијата ги водеше поефикасно, меѓутоа, политиката на неказнивост продолжи, особено кога станува збор за напади врз новинари од припадници на полицијата. Полицијата не ги истражи приведувањата на тројца новинари во полициска станица под обвинение дека сликале судија во судница и полицајци за време на јавен протест. Инцидентот со приведувањето во полициска станица на еден снимател на ТВ 21 и фоторепортер од Косово влезе и во извештајот на ОБСЕ за локалните избори одржани во декември 2017 година[57].

Извесно подобрување во водењето на истрагите и судските предмети за нападите врз новинари има и во работата на обвинителството и судството, но најголем дел од предметите сè уште се заглавени во судските лавиринти. Судот во Скопје осуди едно лице на шест месеци затвор поради физички напад врз новинар, додека Прекршочниот суд во Струга за истото дело осуди петмина граѓани со парична глоба. Двете пресуди не се правосилни, бидејќи осудените имаат поднесено жалба. Сепак, пресудите изречени на сторителите на нападите се многу важни, бидејќи со тоа се прекина долгогодишната политика на неказнивост на институциите за насилството врз новинари.

Намалувањето на притисокот врз новинарите, како резултат од промената на политичкиот амбиент го забележа и Европската комисија во извештајот за напредокот на Македонија во 2018 година[58]. Меѓутоа, Комисијата оценува дека не е доволно властите само да ги регистрираат и да ги осудат нападите, туку Јавниот обвинител треба и сериозно да ги истражува и да ги повика на одговорност насилниците.

Загрижува фактот што добар дел од нападите што се случиле последните пет години воопшто не се расветлени или постапките се несоодветно водени. Новото раководство на Министерството за внатрешни работи се жали дека за одреден број предмети сторителите нема да можат да се откријат затоа што претходната власт истрагите ги водела непрофесионално, а во некои случаи недостигаат и докази[59].

57 Финален извештај на OSCE за локалните избори во октомври 2017 година, страница 23 https://www.osce.org/mk/odihr/elections/fyrom/372751?download=true пристапено на 5 септември 2018 година.

58 Европска комисија, Скопје, 2018 година, https://bit.ly/2qJP0Kv пристапено на 5 септември 2018 година.

59 Точка, „Спасовски:15 нерасчистени случаи за напад врз новинари, намерно не било постапувано на време", Скопје, 2018 година, https://bit.ly/2QcXx4F пристапено на 28 септември 2018.

### В.1.1. Напади против новинари и други закани

Во 2018 година Здружението на новинарите на Македонија регистрираше шест напади врз новинари. Споредено со претходната година кога имаше 18 напади, годинава бројот на напади е намален за три пати. Последната година имаше само еден физички напад врз новинар, една вербална закана по живот, две незаконски приведувања од полицијата, еден инцидент во кој беше уништен имот на новинар и едно попречување на фоторепортери да сликаат јавен настан од страна на владин функционер.

Позитивно е што годинава институциите ја прекинаа политиката на неказнивост за насилство врз новинари, која траеше скоро десет години. Македонските судови во овој период донесоа две судски пресуди, со кои напаѓачите на новинари се осудуваат со затворска, односно парична казна.

Основниот суд Скопје 1 во септември годинава го осуди на шест месеци затвор Матија Каников, кој во февруари лани, по завршувањето на протестот на Движењето „За заедничка Македонија", против формирањето на новата влада, физички ги нападна новинарот на порталот А1 он Александар Тодевски и камерманот Владимир Желчевски. После еден месец, полицијата го расветли случајот и поднесе кривична пријава против Каников[60], а во септември годинава судот го осуди на затворска казна[61]. Од одбраната на осудениот најавена е жалба на пресудата и се чека одлука од Апелацискиот суд во Скопје.

Ефикасна постапка институциите водеа и во случајот на новинарот Армандо Брахо од Струга, кој во јануари 2018 година беше физички нападнат од активисти на опозициската партија Алијанса на Албанците на Зијадин Села со цел да го спречат да известува од предизборен митинг на оваа партија[62]. Полицијата набрзо ги идентификуваше напаѓачите и покрена пријави пред Прекршочниот суд во Струга. После шест месеци судот ги прогласи за виновни напаѓачите на Брахо и ги казни со парична глоба. Оваа одлука на судот е обжалена од одбраната.

Вреди да се потенцира и позитивната практика на новата власт која во изминатиот период јавно ги осудуваше нападите врз новинари и ги повикуваше надлежните институции да ги казнат насилниците[63]. Нападите врз новинари јавно беа осудени од премиерот Зоран Заев, министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски, како и од други високи владини функционери.

Она што најмногу загрижува во врска со безбедноста на новинарите во 2018 година е фактот што полиција арбитрарно приведе неколку новинари во полициска станица и со тоа ги попречи во извршувањето на нивната професионална работа.

Првиот најсериозен инцидент со новинари предизвикан од Министерството за внатрешни работи се случи во ноември 2017 година, кога припадници на полицијата го приведоа во полициска станица камерманот на Телевизијата 21 Ибрахим Махмути и фоторепортерот од Косово Бљерим Ука[64]. Тие беа задржани во станицата повеќе од шест часа под обвинение дека во текот на објавувањето на пресудата за контроверзниот случај „Монструм", во судницата ја сликале судијката[65].

Веднаш по приведувањето на новинарите, претставници на ЗНМ лично побараа објаснување од раководителите на полициската станица, меѓутоа, никој од одговорните не сакаше да даде каква било информација, ниту да разговара со нив. Двајцата новинари беа ослободени откако за случајот интервенираше меѓународната заедница, а претставник на ОБСЕ разговораше со одговорните во полициската станица.

По ослободувањето, новинарите го известија ЗНМ дека во текот на сослушувањето полициските инспектори не ги испрашувале само за наводното снимање на судијката кога се објавувала пресудата за „Монструм", туку и за сосема други прашања од безбедносен карактер. После овој инцидент полицијата не покрена никакви постапки против нејзините припадници поради приведувањето на новинарите.

60 ЗНМ, „МВР го расветли нападот на новинарите на А1 Он", Скопје, 2018 година, http://znm.org.mk/?p=3119

61 ЗНМ, „Поздравена е затворската казна за напаѓачот на новинарите од А1он", Скопје, 2018 година, http://znm.org.mk/?p=4663

62 ЗНМ, „Осуда за напад на новинар во Струга", Скопје, 2018 година, http://znm.org.mk/?p=4196

63 Влада, „Реакција во врска со заканата врз претседателот на ЗНМ Насер Селмани", Скопје, 2018 година, http://vlada.mk/?q=node/14224 пристапено на 25 јули 2018 година.

64 ЗНМ, „ЗНМ го осудува приведувањето на новинари во полиција", Скопје, 2017 година, http://znm.org.mk/?p=3866.

65 ЗНМ, „ЗНМ го осудува приведувањето на новинари во полиција", Скопје, 2017 година, http://znm.org.mk/?p=3866.

Полесен инцидент со новинар полицијата предизвика и во јуни годинава на протестите против Договорот со Грција пред Собранието, кога беше приведен новинарот на Инфомакс Борислав Стоилковиќ, под изговор дека ги снимал во лице полицајците и одбил да се легитимира[66].

ЗНМ ја осуди практиката на арбитрарно приведување новинари од полицијата потсетувајќи дека во ниту еден закон не е забрането новинарите да снимаат полицајци на протести, бидејќи е од јавен интерес јавноста да се информира за евентуално незаконско постапување на полицијата кон демонстрантите[67]. Освен тоа, ЗНМ го отфрли аргументот на полицијата дека новинарот одбил да се легитимира кога при приведувањето јасно се гледало дека тој на видно место носи новинарска легитимација.

Иако ЗНМ повика на одговорност за приведувањето на новинарите, МВР одби да спроведе истрага затоа што смета дека немало никакво прекршување на процедурите и попречување на работата на новинарите.

Во последната година имаше и инцидент во кој беше оштетен автомобилот на новинар од внатрешноста на земјата. Во септември 2017 година, новинарката на неделникот Фокус, Вики Клинчарова се пожали дека добила закани од лице од криминално милје, а неколку дена потоа и бил оштетен и автомобилот.[68] Овој случај не е истражен, иако за тоа реагираше ЗНМ и информираа медиумите.

Полицијата, исто така, има воведено лоша практика според која непријавените напади се третираат како да не се случиле, без разлика што за тоа имало реакции во јавноста. Последниот напад врз новинар се случи во јули годинава, кога функционер на Владата спречи фоторепортери да сликаат јавен настан и при тоа ги навредувал[69]. Шефот на Службата за односи со јавност на Владата Марјан Забрчанец ги спречил фоторепортерите да го сликаат премиерот Зоран Заев на лидерска средба поради наводни безбедносни причини. После инцидентот Забрчанец ги прими на состанок фоторепортерите и јавно им се извини.

66 Прес24, „Видео: Приведен новинар на вчерашните протести - полицијата го влечеше во комбето“, Скопје, 2018 година, https://bit.ly/2N-voUs5 пристапено на 24 јули 2018 година.

67 ЗНМ, „Осуда за нападите врз новинарите на протестот пред Собранието“, Скопје, 2018 година, http://znm.org.mk/?p=4486.

68 ЗНМ, „Осуда за оштетувањето на возилото на новинарката Клинчарова“, Скопје, 2017 година, http://znm.org.mk/?p=3733.

### В.1.2. Убиства на новинари и случаи во последните 15-20 години

Во последните десет години во Македонија загинаа двајца новинари во многу нејасни и чудни околности. Официјалната истрага тврдеше дека се работи за самоубиство, односно за сообраќајна несреќа.

Првиот трагичен настан се случи во 2008 година, кога новинарот на Утрински весник Владо Таневски, осомничен за серија убиства во Кичево, наводно се самоубил во затворот во Тетово[78]. Според извештајот од обдукцијата, тој се самоубил во затворската ќелија, давејќи се во кофа со вода. Ваквиот извештај на обдукцијата наиде на негодување во јавноста, поради нелогичното објаснување за тоа како е можно човек да се удави во кофа, но официјални реакции за овој контроверзен настан немаше[70].

Вториот трагичен инцидент се случи во 2013 година, кога новинарот и сопственик на независниот неделник Фокус, Никола Младенов[71], загина во сообраќајна несреќа во близина на Скопје. Официјалната истрага утврди дека се работи за несреќа и ги негираше сомневањата во јавноста дека се работи за убиство[72]. Тогашната опозиција, СДСМ, фрли сомнеж врз веродостојноста на официјалната истрага и објавуваше информации дека причината за смртта на Младенов наводно не била несреќа[73]. Освен тоа, ЗНМ тогаш побара независна истрага, со цел да се утврди точно под кои околности загинал новинарот[74].

70 Вечер, „Како успеал да се удави во кофа?!“, Скопје, 2008 година, https://vecer.mk/kako-uspeal-da-se-udavi-vo-kofa. Пристапено во септември 2018 година.

71 MKD.MK, „Познатиот новинар Никола Младенов загина во сообраќајна несреќа“, Скопје, 2013 година, https://bit.ly/2Mw3UwR. Пристапено во септември 2018 година.

72 Слободна Европа, „Обвинителство: Загинувањето на Никола Младенов - несреќен случај“, Скопје, 2013 година, https://bit.ly/2Mu29QM. Пристапено во септември 2018 година.

73 Фактор, „Опозицијата со шокантни податоци за смртта на Никола Младенов“, Скопје, 2013 година, https://bit.ly/2OoLBLF. Пристапено во септември 2018 година.

74 ЗНМ, Скопје, 2015 година, http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/887, пристепно во септември 2018 година.

### В.1.3. Притисок кон медиуми, медиумски и еснафски организации

Во овој период за кој се однесува извештајот имаше и една смртна закана упатена кон новинарот и претседател на Здружението на новинарите на Македонија Насер Селмани, од близок роднина на локален партиски функционер на владејачката Демократската унија за интеграција во Скопје. Смртната закана до Селмани и неговото семејство беше пратена од фејсбук профилот на братот на Беќир Асани, претседател на владејачката ДУИ во Скопје. Заканите следуваа откако Селмани преку социјалните мрежи јавно го осуди силеџиското однесување на Асани против припадничка на сообраќајната полиција, која се обидела да го казни поради непрописно паркирање.

Поради ваквите брутални закани и благата реакција на власта, новинарската заедница организираше протест пред Владата[75], каде беше побарано институциите да стават крај на притисоците и заканите врз новинари. Нападот набрзо беше осуден од Владата и меѓународната заедница. Високиот претставник на ОБСЕ за слободата на медиумите Харлем Дезир ги осуди заканите и ги повика институциите да го истражат случајот.

Случајот беше пријавен веднаш во полицијата, која презема мерки во рамки на нејзините активности. Меѓутоа, Јавното обвинителство на Скопје одби да отвори истрага оти сметало дека во пораката немало закана. По реакциите во јавноста, обвинителката Спасенка Андонова, сепак, отвори истрага и ги повика да дадат изјави двете страни. После шест месеци обвинителката Андонова нема покренато обвинение против братот на Беќир Асани, Бејтула Асани.

75 DW, „Новинарски протест пред Владата: врзете си ги кучињата! “, Скопје, 2018 година, https://bit.ly/2CBRKTt, пристапено во септември 2018 година.

### В.2.1. Дали државните институции и политичките актери преземаат соодветни мерки со кои се штитат новинарите

Новата влада, која беше формирана во јуни 2017 година, прогласи нулта толеранција за насилството врз новинари. Една од клучните точки на реформскиот план 3-6-9[76] беше борба против политиката на неказнивост[77]. Планот предвидуваше Министерството за внатрешни работи да подготви посебен извештај за сите напади врз новинари. Извештајот[78] беше објавен во мај годинава, а резултатите јасно потврдија дека во Македонија постои јасна политика на неказнивост за насилството врз новинари.

Од 59 напади врз новинари што се случиле во последните пет години, полицијата досега има целосно расчистено само седум, со поднесени кривични пријави против сторителите. Според извештајот, полицијата досега не успеала целосно да реши 13 предмети за напади врз новинари, а други 10 ги третира како решени, бидејќи писмено ги предупредила напаѓачите.

За осум напади, полицијата ја завршила истрагата и поднела барање за покренување прекршочна постапка, а во уште толку предмети МВР доставило известување до Јавното обвинителство.

76 Влада, „План 3-6-9“, Скопје, 2017 година, https://bit.ly/2Mqi2I1, пристапено во септември 2018 година.

77 Макфакс, „ Поповски: Секој физички или вербален напад врз новинарите ќе биде санкциониран“, Скопје, 2018 година, https://bit.ly/2NI-3wA0, пристапено во септември 2018 година.

78 Макфакс, „Спасовски: 15 нерасчистени случаи за напад врз новинари, намерно не било постапувано на време“, Скопје, 2018 година, https://bit.ly/2xjvpUC, пристапено во септември 2018 година.

Седум предмети полицијата ги смета за решени оти ги упатила оштетените новинари да си ги заштитат нивните права преку поднесување приватни тужби. Во извештајот нема податоци дали полицијата ги идентификувала напаѓачите и обезбедила докази што потоа ги ставила на располагање на жртвите со цел поефикасно да ја водат судската постапка.

За два предмети, во неможност да ги открие напаѓачите, МВР поднело кривични пријави против непознати сторители, а други два предмети ги затворило оти смета дека нема доволно елементи за отворање истрага.

Од целосно расветлените напади врз новинари, за кои полицијата поднела кривични пријави, најголем дел се однесуваат на физички напади врз новинари, а по еден инцидент се однесува на оштетување на имот и на сериозна закана. Полицијата го открила напаѓачот на сопственикот на порталот Доказ, Марјан Стаменковски, кој во 2015 година во центарот на Скопје беше нападнат физички , при што се здобил со тешки телесни повреди. Откриен е и напаѓачот на новинарската екипа на А1 он, која беше физички нападната во центарот на Скопје по протестот на Движењето „За заедничка Македонија“.

Од нерасчистените 13 напади врз новинари најголем дел се однесуваат на физички напади и закани и уништување на имот. Нерасчистени остануваат физичките напади и уништување на опремата на неколку новинари од страна на учесници во протестите на Движењето „За заедничка Македонија“, кои на 27 април 2017 година насилно влегоа во Собранието за да го спречат формирањето на новата власт. Полицијата не успеа да ги открие ниту сторителите што во 2015 година го запалија џипот на новинарот Бранко Тричковски.

Нејасно е зошто полицијата не може да го расветли нападот врз новинарот Борјан Јовановски, кој беше исплукан и навредуван во ресторан, а целиот настан насилниците го објавија на јутуб. Еден од напаѓачите Јовановски подоцна го препозна на една прес- конференција на поранешниот премиер Никола Груевски, но полицијата не се заинтересира за тоа сведоштво.

Несфатливо е што полицијата го третира како нерешено и насилното бркање на локален новинар од седница на Општина Берово, од страна на советници. Новинарот ја известил полицијата за идентитетот на советниците, но полицијата случајот досега го третира како нерешен.

Во неможност да ги открие напаѓачите на новинари, во два случаи полицијата покренува кривична пријава против непознат сторител. Таков е случајот на новинар од Охрид, кој бил нападнат од непознати лица со метални шипки, нанесувајќи му тешки телесни повреди.

Во осум случаи полицијата има поднесено барање за поведување прекршочна постапка. Тоа значи дека постапката уште е на почеток, иако поминале години од кога се случиле овие напади. За одбележување е и тоа што полицијата не е доследна во квалификувањето на делата кога се нападнати новинари. Од нејасни причини, полицијата слични инциденти во еден случај ги третира како кривично дело, а во друг, како прекршок. Четири напади од предметите за кои се покренати прекршочни пријави се однесуваат на физички напади врз новинари, од кои во два случаи на новинарите им биле нанесени видливи повреди. Овие потешки напади се третираат исто со други напади кога новинарите добивале шлаканици или закани дека физички ќе бидат нападнати.

Работата до крај полицијата не ја завршила и за други осум предмети, кога по завршувањето на истрагата, наместо да поднесе соодветни пријави, доставила само известувања до Јавното обвинителство. Ова може да се толкува како обид на полицијата да ги забошоти предметите со цел да ги развлече во полициско-обвинителските лавиринти.

Еден од овие предмети е и случајот на еден полицаец, кој во 2016 година со полициска палка тепал новинар на протестот против аболицијата на високи функционери на ВМРО-ДПМНЕ обвинети за криминал, пред Канцеларијата на претседателот Ѓорге Иванов, во центарот на Скопје. Дополнително е утврдено дека полицаецот ги надминал службените овластувања, меѓутоа, полицијата одбила да покрене пријава против него, туку за тоа само го известила Обвинителството, кое досега не презело ништо во врска со овој предмет.

Полицијата слично постапила и со предметот на новинарот Борјан Јовановски, на кого во 2015 година непознати лица му оставија погребален венец пред домот. И нападот врз новинарот на Гласот на Америка, Исак Рамадани, заврши со известување до Обвинителството. Рамадани во 2014 година доби шлаканица од страна на учесник на протестот против пресудите за случајот „Монструм“ пред Основниот суд во Скопје, но полицијата не може да го реши овој случај, иако напаѓачот го удира-

ше новинарот пред камери, при што имаше и многу сведоци. Полицијата и Обвинителството досега не покренале пријава и за еден пријавен случај каде имаше експлицитен говор на омраза против новинари на социјални мрежи.

Некогаш, навредите на новинари, заканите, па дури и смртните закани, полицијата ги решава само со писмено или усно предупредување на насилниците. На овој начин таа смета дека решила десет предмети на вербални напади и закани на новинари. Само со предупредување поминало и лицето што во 2015 година со физичка закана го избркало од ресторан новинарот Борјан Јовановски поради неговите критички ставови кон тогашната власт. Само со устен укор поминало и приватното обезбедување на Трговскиот центар во Штип, кое во 2017 година спречило новинар на Телевизијата 24 Вести да ги сними градежните работи во Трговскиот, при што му ја оштетило и камерата.

Седум напади врз новинари полицијата решила со тоа што ги подучила оштетените новинари нивните права да ги заштитат поднесувајќи приватни тужби против напаѓачите. Овие предмети се однесуваат на закани и навреди кон новинари, како и уништување на нивен имот. Во два предмети за напад на новинар полицијата не отворила истрага затоа што сметала дека нема доволно докази. Интересен е случајот на еден новинар од Скопје, кој бил практично противправно лишен од слобода од приватното обезбедување на еден супермакрет, оти бил наводно осомничен за кражба. Откако полицијата го истражила случајот утврдила дека новинарот не крадел ништо од супермаркетот, но против приватното обезбедување не биле преземени никакви мерки.

### В.2.2. Постојат ли посебни механизми преку кои се следат нападите врз новинарите?

Во Македонија нема посебни механизми за следење и известување за нападите и заканите врз новинари. Декларативна заложба за борба против неказнивоста на насилството врз новинари постои кај сите институции, полицијата, обвинителството и судството, меѓутоа, истрагите сѐ уште се водат многу бавно. МВР јавно признава дека најголем дел од нападите не може да ги расветли поради лошите истраги што се водени во минатото, а во некои случаи дури биле уништени и доказите. ЗНМ инсистира полицијата да ги повика на одговорност нејзините припадници поради непрофесионално и незаконско постапување.

Врз основа на извештаите од Министерството за внатрешни работи и Јавното обвинителство се забележува една негативна појава во водењето на истрагите за нападите врз новинари. Овие две институции меѓусебно се обвинуваат за развлекување на истрагите. Од една страна, полицијата тврди дека многу случаи ги решила и ги доставила до обвинителството, а од таму велат дека полцијата не ги идентифукавала напаѓачите и не обезбедила доволно докази за ефикасно водење на постапката.

Во Македонија ниту една државна институција не води регистар на напади и закани на новинари. Освен тоа, со исклучок на полицијата, обвинителството и судството генерално се затворени за споделување информации поврзани со предметите за напади врз новинари. И покрај постојаните инсистирања, Обвинителството дури после два месеца му достави на ЗНМ половични информации за предметите поврзани со новинари, додека скопскиот Основен суд и оваа година не даде информации за постапките што се водат пред овој суд за напади врз новинари, оправдувајќи се со формални причини.

Постојан и ажуриран регистар на напади и закани на новинари води единствено Здружението на новинарите на Македонија, кој е јавно достапен на веб-страницата на Здружението[79].

### В.2.3. Дали нападите врз новинарите се препознаени од страна на владините институции?

Владата декларативно ги осудува сите инциденти и напади врз новинари[80]. Премиерот Зоран Заев и други високи владини функционери редовно ги осудуваат овие напади и ги повикуваат органите на прогонот да ги истражат и да ги казнат напаѓачите.

79 ЗНМ, „Случаи на повреда на правата на новинарите – јуни 2018 година ", Скопје, 2018 година, http://znm.org.mk/?attachment_id=4643, пристапено во септември 2018 година.

80 Влада, „Реакција во врска со заканата врз претседателот на ЗНМ Насер Селмани ", Скопје, 2018 година, http://vlada.mk/?q=node/14224, пристапено во септември 2018 година.

Најбитните институции во земјата за водење ефикасни и ефективни истраги за нападите врз новинари, како што се полицијата, обвинителството и судството, не прават разлика меѓу напади врз новинари и обични граѓани. Од досегашната соработка со нив, јасно се гледа тенденцијата да се изедначуваат нападите врз новинари со нападите врз други граѓани. Тие не ги препознаваат овие напади како атак врз слободата на говорот и врз деморкатијата воопшто.

### В.2.4. Постојат ли документи во рамки на полицијата или војската кои служат како водич во случај кога се повредени правата на новинарите?

Досега војската и полицијата немаат усвоени внатрешни документи, кои ги подучуваат нивните припадници како да се однесуваат со новинарите. Овие институции немаат ниту правилници што забрануваат закани, заплашувања или напади врз новинари.

### В.2.5. Дали државните институции соработуваат со еснафските организации за прашања поврзани со безбедноста на новинарите?

Новата власт во Македонија покажа поголема подготвеност да соработува со Здружението на новинарите за расветлување на сите напади врз новинари. Министерството за внатрешни работи во декември 2017 година потпиша Меморандум со ЗНМ, кој предвидуваше организирање заеднички активности за прекинување на политиката на неказнивост за нападите врз новинари[81].

Во рамките на оваа соработка, ЗНМ и МВР со помош на Канцеларијата на ОБСЕ во Скопје, организираа заеднички обуки за новинари и припадници на полицијата за известување од кризни настани, како што се протести или истраги. Две обуки[82] беа оранизирани во Скопје[83] и пет во другите поголеми градови во Македонија. Заедничките обуки имаат за цел меѓусебно запознавање и објавување на Водич за новинари и полицијата за известување од кризни настани, кој е уште во изработка.

Во обид да се прекине политиката на неказнивост за насилството врз новинари, претставници на ЗНМ во јануари годинава се сретнаа со јавниот државен обвинител на Македонија Љубомир Јовевски[84]. На средбата претставниците на ЗНМ побараа од обвинителот поефикасно да ги истражи случаите на напади врз новинари. Беше договорено да се организираат заеднички обуки за новинари и обвинители, заради подобро меѓусебно запопзнавање и информирање за важноста на слободата на медиумите во демократското општество.

Таква обука[85] беше организирана во февруари 2018 година, на која поранешната судијка во Европскиот суд за човекови права Мирјана Трајковска одржа предавање пред обвинителите и новинарите во врска со судската практика на ЕСЧП за слободата на говорот. Обвинителката Ивана Трајчевска реферираше за резултатите од истрагите поврзани со нападите врз новинари.

### В.2.6. Кој е последниот случај на нелегално прислушување и следење на новинари и како државните институции се справуваат со ова?

Освен големата афера за прислушување во 2015 година, кога стотина новинари беа на списокот за прислушување на тајната полиција, ЗНМ не располага со информации дека во 2018 година некој новинар бил изложен на електронско следење од властите. Судскиот спор што ЗНМ го поведе од името на прислушуваните новинари уште е на самиот почеток, бидејќи прво треба да се донесе пресуда што ќе потврди дека имало прислушување, а потоа да се побара отштета од државата.

81 А1ОН, „ЗНМ и МВР потпишаа Меморандум за соработка “, Скопје, 2017 година, https://a1on.mk/archives/838401, пристапено во септември 2018 година.

82 ЗНМ, „Да се стави крај на политиката на неказнивост, да се казнат насилниците “, Скопје, 2018 година, https://znm.org.mk/?p=4370, пристапено во септември 2018 година.

83 Safejournalists.net, „Обуки со полицијата за поголема безбедност на новинари на протести“, Скопје, 2018 година, https://bit.ly/2CWpnPX, пристапено во септември 2018 година.

84 ЗНМ, „Претставници на ЗНМ се сретнаа со Јавниот обвинител “, Скопје, 2018 година, http://znm.org.mk/?p=4173, пристапено во септември 2018 година.

85 ЗНМ, „ЗНМ организираше обука за новинари, адвокати и јавни обвинители“, Скопје, 2018 година, http://znm.org.mk/?p=4221, пристапено во септември 2018 година.

## В.3. Како правосудството се справува со прашањата поврзани со насилство врз новинарите?

Во Македонија истрагите на обвинителството и судството за насилството врз новинари се неефикасни и неефективни. Тешко се следи нивното постапување затоа што двете институции се многу затворени.

Основниот суд во Скопје веќе втора година по ред одбива да даде информации во врска со фазата на постапување за предметите во кои новинарите се жртви. Нивното оправдување е дека новиот систем за водење на предметите (АКМИС) се базира на кодови, а не на имиња и на професии на странките.

После два месеца од кога беше доставено барање за информација и по упорни ургенции, Јавното обвинителство во Скопје сподели делумни информации за истрагите поврзани со новинари. Од 59 напади и закани кон новинари, според регистарот на МВР, Обвинителството во Скопје води истрага само за десет предмети, додека нема информации за пет предмети што се водат од Обвинителството во Охрид.

Резултатите од извештајот на Обвинителството за водените истраги воопшто не се охрабрувачки. Од десет отворени предмети во четири случаи Обвинителството ги одбило кривичните пријави, бидејќи, според нивната проценка, се работи за загрозување на сигурноста, кое не се гони по службена должност, туку по приватна тужба.

Другите пет предмети сè уште се на почеток на истрагата, иако еден од нападите се случил пред четири, а друг пред две години. Обвинителството тврди дека сè уште работи на утврдување на идентитетот на напаѓачите и на прибирање веродостојни докази. Во два предмети полицијата дури не постапила по барањето на Обвинителството да ги идентификува напаѓачите. Само во еден предмет истрагата е во напредна фаза, каде напаѓачот е идентификуван од полицијата, а Обвинителството работи на утврдување на фактичката состојба, по што ќе следува обвинителска одлука.

За неефикасноста на постапките на обвинителството и судството потврдува и начинот на кој се водат предметите против двајца новинари, Зоран Божиновски и Томислав Кежаровски, кои со години се предмет на судски прогон. Врховниот суд три години не одлучува по жалбата на Кежаровски, кој во 2014 година беше осуден на четири и пол години затвор поради наводно откривање на идентитетот на заштитен сведок. Апелацискиот суд ја потврди пресудата со тоа што ја намали затворската казна на две години, но одбраната поднесе жалба пред Врховниот суд.

Иста судбина имаше и случајот против Божиновски, кој во 2013 година беше обвинет за шпионирање, злосторничко здружување и уцена, и до денеска уште нема првостепена пресуда, бидејќи неговиот случај постојано се одложува поради формални причини оти Обвинителството не располага со сериозни докази. Во јули 2017 година тој беше ослободен откако 15 месеци ги помина во притвор. Во текот на летото Специјалното обвинителство[86] се повлече од една точка од обвинителниот акт против Божиновски, но судскиот процес сè уште трае. Во септември Обвинителството го повлече обвинението за злосторничко здружување[87] поради застарување на делото, а истиот месец беше повлечено и обвинението за одавање на државна тајна[88] затоа што оваа кривично дело не било наведено во барањето за неговата екстрадиција од Србија.

Медиумските експерти, кои беа интервјуарани за целите на овој извештај, сметаат дека заложбата на Владата и на институциите да стават крај на политиката на неказнивост за напади врз новинари, за жал, сè уште е само декларативна. Професорката по медиумско право Снежана Трпевска тврди дека одбивањето на полицијата да ги гони

86 ЗНМ, „СЈО нема да го гони Божиновски за издавање државна тајна“, Скопје, 2018 година, http://znm.org.mk/?s=%D0%A1%D0%88%D0%9E, пристапено во септември 2018 година.

87 Фокус, „Зоран Божиновски нема да се гони за ‘Злосторничко здружување’ во ‘Шпион’“, Скопје, 2018 година, https://bit.ly/2N12VEZ, пристапено во септември 2018 година.

88 МКД.мк, „СЈО нема да го гони новинарот Божиновски за одавање на државна тајна“, Скопје, 2018 година, https://bit.ly/2Q015WW, пристапено во септември 2018 година.

кривично полициските службеници кои воделе непрофесионални истраги или уништувале докази за случаите на напади врз новинари ја продолжува културата на неказнивост. „Тоа води кон општо разочарување кај новинарите од тоа како институциите се однесуваат кон нивната професија“, истакнува Трпевска. Според неа, ако институциите водат ефикасни постапки против напаѓачите, новинарите ќе се чувствуваат заштитени, послободни и полојални кон професионланите стандарди.

И Марина Тунева, директор на Советот за етика во медиумите во Македонија, смета дека институциите треба да го сменат односот кон политиката на неказнивост за нападите врз новинари. „Секој обид да се избегне одговорноста може да биде протолкуван како одржување на поволно тло за насилство врз новинарите, во која било форма“, вели Тунева. Таа смета дека непрофесионалниот однос на институциите кон насилството врз новинари ги ограничува и фрустрира новинарите затоа што тие се соочуваат со една сурова реалност типична за неслободни општества.

### В.3.1. Постојат ли специфични институции кои се занимаваат со истраги кога се повредени правата на новинарите?

Во судско-обвинителскиот систем во Македонија не постојат посебни одделенија кои работат на истраги за случаите на прогон, заштита и обесштетување на новинари со цел да се осигура нивната безбедност и да се спречи политиката на неказнивост. Специјални постапки не се применуваат ниту за случаи кога жртви на напади се новинарки. Судството и обвинителството никогаш не се пожалиле јавно дека предметите на новинарите не можат да ги водат ефикасно поради отсуство на човечки и материјални ресурси.

За нападите врз новинари во 2018 година, полицијата реагира брзо на сериозни закани кон новинари, меѓутоа, тоа не може да се рече и за обвинителството и судството. Таква брза реакција полицијата имаше во случајот на смртната закана кон претседателот на ЗНМ Насер Селмани.

### В.3.2. Дали се ефикасни истрагите за случаите кога новинарите се заплашувани и напаѓани?

Анализата на извештаите за начинот како полицијата и обвинителството ги водат постапките за напади и закани кон новинари потврдува дека институциите не само што не можат да ги казнат инспираторите и нарачателите на нападите врз новинари, туку тие во најголем дел не се во можност ниту да ги идентификуваат и казнат извршителите на нападите. Во извештајот од летото 2018 година полицијата тврди дека од 59 напади врз новинари во последните пет години, 13 напади воопшто не се истражени затоа што истрагата од полициските службеници е водена непрофесионално, а во некои случаи дури има и сомнеж дека се уништени и докази.

Институциите одговорни за расветлување на нападите врз новинари на нивна иницијатива никогаш досега немаат организирано обуки за нивните вработени за важноста на заштитата и промоцијата на слободата на говорот. На иницијатива на ОБСЕ и ЗНМ и во соработка со МВР и Обвинителството, во 2017 година беа организирани низа обуки за полициски офицери, обвинители и новинари на тема слобода на говор. На овие обуки беше воочливо дека генерално полицајците и обвинителите имаат малку познавање на практиката на Европскиот суд за човекови права во одбрана на слободата на говорот.